# Годишен извештај

| | **Одговорно лице** |
|---|---|
| **Период за кој се известува:** 2018 година | **Име и презиме:** Даница Чадиева |
| **Вкупен буџет:** 57.625.000 денари | **Звање:** Претседател |
| **Број на вработени:** 74 | **E-mail:** danica.cadieva@dkz.mk |
| **www.dkz.mk** | **Телефон:** 02/3 211 343 |

## Содржина

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1. | Резиме | 3 |
| 2. | Вовед | 8 |
| 3. | Статус, раководство, надлежност и организациона структура | 9 |
| 4. | Реализирани активности произлезени од законските надлежности | 16 |
| 5. | Активности за подобрување на квалитетот во работењето | 86 |
| 6. | Соработка со други институции и меѓународна соработка | 88 |
| 7. | Буџет, завршна сметка и финансирање | 89 |
| 8. | Заклучок | 93 |
| 9. | Препораки | 94 |
| 10 | Прилози | 96 |

## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во понатамошниот текст: Државната комисија) е самостоен орган со својство на правно лице која е основана согласно Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (Службен весник на Република Македонија број. 51/2011, 148/2013, 41/2014, 53/2016 и 11/2018).

Во овој Извештај Државната комисија ќе ја опфати надлежноста, организациската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во текот на 2018 година, по жалби против решенија донесени во прв степен во управна постапка како и по жалби/приговори против одлуките кои се однесуваат на правата и обврските кои произлегуваат од работните односи за кои е надлежна Државната комисија.

Во текот на 2018 година односно од 13.07.2018 година до 18.10.2018 година, Државната комисија не функционираше поради ненавремениот избор на составот на комисијата, бидејќи претходниот состав на Државната комисија беше разрешен на ден 13.07.2018 година, а новиот состав беше избран на ден 18.10.2018 година. Во овој период Државната комисија немаше овластен потписник за тековното функционирање на стручна служба на Државната комисија.

Овој период е период на застој во работата на Државната комисија, бидејќи истата е колегијален орган и одлучува на седници со мнозинство од вкупниот број на членови, разрешувањето на стариот состав како и ненавременото именување на новиот состав на комисијата, допринесе за застој во работата на Државната комисија односно неможност за одлучување поради што за овој период Државната комисија нема решено ниту еден предмет.

Државната комисија по предметите постапува по хронолошки ред на поднесени и заведени жалби/приговори. Заостатоткот на предмети е резултат на ненавремено постапување по предмети кои биле примени/оформени, и превземени од сите претходни владини второстепени комисии, од денот на формирање на Државната комисија, и кои се јавуваат како заостаток на нерешени предмети од претходните години.

Имено во периодот пред разрешување на стариот состав на Државната комисија, односно од 01.01.2018 година до 13.07.2018 година, кога работела Државната комисија биле примени вкупно 2643 предмети додека вкупно за цела година биле примени 4328 предмети.

Во 2018 година во Државната комисија, примени се вкупно 4328 предмети од кои, решени се 3359 предмети, 710 предмети се административно пратени на доуредување до надлежен орган, или вкупно Државната комисија постапила по 4069 предмети. Од примените предмети во 2018 година останеле вкупно 1500 по кои Државната комисија не постапила до 31.12.2018 година.

За периодот од именување на новиот состав на Државната комисија па се до 31.12.2018 година Државната комисија има решено вкупно 1166 предмети.

Државната комисија од 01.01.2019 година до 21.03.2019 година постапила по уште 1093 предмети.

Исто така мора да се напомене и податокот дека во Државната комисија во текот на месец Декември 2018 година, во архивата беа пронајдени вкупно 124 предмети, кои се сметале за архивирани и истите не се дел од овие бројки погоре, а по истите предмети воопшто не било постапувано.

Предметите се извадени од архива со службени белешки и се земени во работа веднаш.

## 1.1 Преглед на главните активности и достигнувања

Табела 1

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно примени предмети во 2018 | 4328 | |
| Вкупно решени предмети во 2018 | 3359 | |
| Постапено со административно барање | 710 | За конечно решавање на овие предмети потребна е достава на докази и списи од првостепените органи и одговор од Државниот управен инспекторат |
| Вкупно предмети по кои постапила Државната Комисија во 2018 година | 4069 | |
| Вкупно предмети по кои воопшто не постапила Државната Комисија а се примени во 2018 година | 1500 | |

Видно од Табелата 1, Државната комисија во 2018 година примила вкупно 4328 предмети.

- Вкупно се решени 3359 предмети (од примените во 2018 година решени се 2304 предмети, додека од претходните години 1055)

- 710 предмети се постапени со административен допис, ургенции и слично (од примените во 2018 година 524, додека од претходните години 186 административни дописи).
- 1500[1] предмети кои се примени во 2018 година воопшто не се постапени.
-

### *1.1.1 Структура и вид на одлуки*

Табела 2

| Структура на предмети според начин на постапување и вид на одлуки | |
|---|---|
| Уважени жалби | 875 |
| Одбиени жалби | 1907 |
| Отфрлени жалби | 255 |
| Запрени постапки | 45 |
| Мериторни одлуки/огласено за ништовно | 8 |
| Натамошно постапување на надлежен орган | 212 |
| Донесени решенија по пресуда | 57 |
| **Вкупно решени** | 3359 |
| Административно барање | 710 |
| **Вкупно постапени** | 4069 |

Видно од Табелата 2, по предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи, Државната комисија од вкупниот број на решени предмети ги донела следните одлуки:

- Во 875 предмети ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување;
- Во 1907 ја одбила жалбата како неоснована;
- Во 255 предмети ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице;
- Во 45 предмети ја запрела постапката по изјавената жалба поради со Заклучок за запирање поради поради повлекување на жалбата од страна на жалителот;
- Во 8 предмети го поништила првостепеното решение и самата го решила предметот односно го огласила за ништовно решението (мериторни одлуки);
- 212 предмети се пратени на натамошно постапување на надлежен орган. Во овој случај, по оформување на предметот, Државната комисија извршила

[1] Заклучно со 23.03.2019 година од примените во 2018 година, Државната комисија реши уште 1093 предмети.

увид во списите на предметот и констатирала дека согласно законските одредби не е надлежна да постапува, односно дека друг орган е надлежен да постапува по изјавената жалба и ја праќа на натамошно постапување на надлежен орган;

- Во 57 предмети Државната комисија донела решенија по донесени пресуди од Управниот суд, кои ги примила Државната комисија во 2018 година, а се однесуваат за решенија од претходни години;
- Во 710 предмети се поднесени административни барања, преку кои на првостепениот орган се укажува на претходно утврдени недостатоци и истите да ги отстрани, како и да ги достави бараните докази и списи со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија да постапува по истиот.

### *1.1.2 Управно-судска заштита*

Во членот 10 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен предвидена е судска заштита против решенија на Државната Комисија пред Управниот, односно надлежниот редовен суд.

Табела 3

| Поведени управни спорови против решенија на Државната Комисија и донесени пресуди од Управниот суд кои се доставени до ДК за 2018 година | |
|---|---|
| Број на поведени управни спорови против донесени 3359 решенија на Државната комисија во 2018 година | 330 односно 9,82 % |
| Доставени пресуди до ДК | 73 |
| Одбиени тужби | 36 |
| Отфрлени тужби | 4 |
| Уважени тужби | 26 |
| Запрени | 7 |
| Не се доставени пресуди до ДК | 257 |

Видно од табелата 3, можеме да констатираме дека од вкупниот број на донесени 3359 донесени решенија на Државната комисија против кои може да се поведен управен спор, поведени се 330 управни спорови, односно само 9,82% што укажува на високата доверба во одлуките на Државната комисија, како и на позитивното влијание на Државната комисија во намалувањето на приливот на предмети во Управниот суд.

Од 330 поведени управни спорови против решенија на Државната комисија во 2018 година, до Државната Комисија се доставени 73 пресуди, а не се доставени 257. Од пресудите на Управниот суд кои се доставени до Државната комисија, во 36 е одбиена тужбата како неоснована и е потврдена одлуката на Државната комисија, во 4 е отфрлена тужбата, во 7 запрена постапката, додека во 26 е уважена тужбата на тужителот и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување до Државната комисија.

## 1.2 Цели

Главните цели кон кои ќе биде насочена Државната комисија во постигнување за наредната година се: подобрување на ефикасноста на работењето според сите утврдени критериуми и индикатори за мерење на успешноста, зголемување и надградба на човечките, материјалните и ИТ капацитетите на институцијата, унапредување на транспарентноста и соработката со други државни органи, граѓански здруженија и невладини организации кои имаат активен пристап во промовирањето на правата на граѓаните во управната постапка, реализација на препораките и заклучоците кои се составен дел на овој Извештај.

## 2. Вовед

### 2.1 Независност

Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ја обезбедува независноста на Државната комисија како тело основано од Собранието на Република Македонија, чија основна надлежност е контрола на законитоста на актите на извршната власт, во второстепена постапка. Согласно член 7 од Законот за основање, се забранува секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната Комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања заради влијание на текот и исходот на постапката.

### 2.2 Мисија

Заштита на материјалните и процедуралните права, како и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки во управната постапка, заштита на јавниот интерес, контрола на законитоста во одлучувањето и постапувањето на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

### 2.3 Визија

Континуиран напредок во подобрување на капацитетите на Државната комисија во насока на заштита на правата на граѓаните и правните лица во управната постапка, како и одржување на високото ниво на доверба во одлуките на Државната комисија.
Стремеж кон зголемување на бројот на мериторно донесени одлуки од страна на Државната комисија.

### 2.4 Вредности

Во постапувањето и одлучувањето, Државната комисија секогаш се води од начелата на законитост, пропорционалност, економичност и ефикасност во постапката, еднаквост, непристрасност и објективност, сервисна ориентираност и правилно утврдување на материјалната вистина.

## 3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

### 3.1 Статус и раководство

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Основана е 2011 година со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Составена е од претседател и десет члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Изборот се врши со јавен оглас во кој се наведени условите кои треба да се исполнат согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Претседателот и десетте члена ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Истите се именуваат за период од пет години, со право на повторен избор.

Заменик-претседателот е избран од редот на членовите на Комисијата.

По жалбените предмети, Државната комисија одлучува на седница, со мнозинство од вкупниот број членови. Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку седум члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање. Седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија се уредени со Деловник за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

### 3.2 Надлежност – законска рамка

Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Надлежна е да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен за вработените во јавниот сектор, за кои согласно посебните закони е пропишана надлежноста за постапување.

Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен се утврдува со посебните закони. Државната комисија е должна во постапките во втор степен во управна постапка да постапува согласно Законот за општа управна постапка.

Во продолжение ги наведуваме повеќето посебни закони во кои е утврдена надлежноста на Државната комисија:

Закон за административни службеници, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за безбедност на храната, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за виното, Закон за води, Закон за високото образование, Закон за внатрешни работи, Закон за градежно земјиште, Закон за градење, Закон за денационализација, Закон за домување, Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности, Закон за експропријација, Закон за животната средина, Закон за установите, Закон за заштита и спасување, Закон за заштита на децата, Закон за заштита на културното наследство, Закон за здравствената заштита, Закон за здруженија и фондации, Закон за земјоделското земјиште, Закон за земјоделство и рурален развој, Закон за извршување на санкциите, Закон за јавна чистота, Закон за јавните патишта, Закон за катастар на недвижности, Закон за класифицирани информации, Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Закон за културата, Закон за лековите и медицинските средства, Закон за личната карта, Закон за матичната евиденција, Закон за минерални суровини, Закон за одбрана, Закон за оружјето, Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Закон за основното образование, Закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за преземање на акционерските друштва, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Закон за приватно обезбедување, Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за семејството, Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Закон за социјалната заштита, Закон за спортот, Закон за средното образование, Закон за странците, Закон за студентскиот стандард, Закон за тутун и тутунски производи, Закон за управување со отпадот, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за ученичкиот стандард, Закон за филмската дејност, Закон за хартии од вредност, Закон за шумите и др.

## 3.3 Внатрешна организација на Државната комисија

Државната комисија има стручна служба, која согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места е предвидено да работи со шест државни советници, пет сектори, тринаесет одделенија во составот на секторите и едно самостојно одделение.

Со стручната служба раководи Генерален секретар.

Во стручната служба на Државната комисија вработени се вкупно 64 лица.

Со Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начинот на раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена согласно надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната комисија.

Внатрешната организација во Државната комисија се заснова на начелата на:

- Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;
- Насоченост кон корисниците на услуги на Државната комисија;
- Независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;
- Делегирање на овластувања и
- Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално-финансиски, стручно-административни и други работи, во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

* Сектор за здравство, труд и социјална политика, образование, наука и култура;

* Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор;

* Сектор за транспорт и врски, имотно- правни работи и локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина;

* Сектор за финансиски прашања

* Сектор за стручно - административни работи;

* Самостојно одделение:

  - Одделение за управување со човечки ресурси

Со Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија со архивски број 0101-1577 од 24.09.2015 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот со архивски броеви 0101-435 од 29.02.2016; 0101-1161/1 од 14.06.2016 и 0101-1253/1 од 24.11.2017 година, утврдени се вкупно 87 работни места на административните службеници распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија, од кои пополнети се 65, а непополнети остануваат 22 работни места.

Во однос на именуваните лица, состојбата е следна:

- заклучно со 23 јули 2018 година бројот на именувани лица е 12 и тоа: претседател и 10 члена именувани со одлука на Собрание на РМ и генерален секретар именуван од Претседателот на Државната комисија. Претседателот и членовите се разрешени со Одлука број 08-4480/1 од 23.07.2018 година на Собрание на Република Македонија.
  Во периодот од 23 јули 2018 до 18 октомври 2018 година, Државната комисија работеше без раководна структура именуваната од Собрание на РМ (претседател и членови) и без генерален секретар.
- На 18 октомври 2018 година со Одлука на Собрание на Република Македонија број 08-6025/1 од 18.10.2018 година, именувани се 10 лица и тоа: претседател и 9 члена на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
  На 05.11.2018 година, Претседателот на Државната комисија назначи генерален секретар.

Кадровската состојба заклучно со 31.12.2018 година е следната:

| **Работно место** | **Вкупно (заклучно со 23.07.2018)** | **Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018)** |
|---|---|---|
| Претседател на Државната комисија | 1 | 1 |
| Заменик-претседател на Државната комисија | 1 | 1 |
| Член на Државната комисија | 9 | 8 |
| Генерален секретар | 1 | 1 |
| Државен советник | 5 (од кои едно е во мирување) | 5 |
| Раководител на сектор | 4 | 4 (од кои едно во мирување) |
| Помошник раководител на сектор | 7 | 7 |
| Раководител на одделение | 7 | 7 |
| Советник | 12 | 12 |
| Виш соработник | 4 | 4 |
| Соработник | 4 | 4 |
| Помлад соработник | 11 | 11 |
| Самостоен референт | 3 | 3 |
| Референт | 1 | 1 |
| Помлад референт | 6 | 6 |
| **Вкупно** | **76** | **75** |

Кадровска состојба на систематизирани, пополнети и непополнети работни места

| **Кадровска состојба** | **Вкупно** |
|---|---|
| Пополнети | 65 |
| Непополнети | 22 |
| **Вкупно систематизирани** | 87 |

Според категориите на административни службеници, вработени раководни административни службеници се вкупно 24 (од кои едно работно место е во мирување), вработени стручно-административни службеници се вкупно 31, а вработени помошно-стручни административни службеници се 10 лица.

Во прилог табела на систематизирани и пополнети работни места според категориите на административни службеници:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А02 | 1 | 1 |
| Б01 | 6 | 5 |
| Б02 | 5 | 4 |
| Б03 | 7 | 7 |
| Б04 | 14 | 7 |
| В01 | 14 | 12 |
| В02 | 5 | 4 |
| В03 | 10 | 4 |
| В04 | 13 | 11 |
| Г01 | 4 | 3 |
| Г02 | / | / |
| Г03 | 2 | 1 |
| Г04 | 6 | 6 |

Според видот на работното место состојбата е следна:

| Вид на работно место | Вкупно (заклучно со 23.07.2018) | Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018) |
|---|---|---|
| именувани | 11 | 10 |
| раководни административни службеници | 24 (од кои едно во мирување) | 24 (од кои едно во мирување) |
| стручно-административни службеници | 31 | 31 |
| помошно-стручни административни службеници | 10 | 10 |
| **Вкупно** | **76** | **75** |

Табела на вработени во Државната комисија според националната припадност/правичната застапеност:

| Националност | Вкупно (заклучно со 23.07.2018) | Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018) |
|---|---|---|
| Македонци | 62 | 59 |
| Албанци | 6 | 7 |
| Турци | 0 | 1 |
| Срби | 1 | 1 |
| Власи | 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Роми | 4 | 4 |
| Бошњаци | 1 | 1 |
| Други | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **75** | **74** |

Табела на вработени во Државната комисија според степенот на образование

| **Вид на образование** | **Вкупно (заклучно со 23.07.2018)** | **Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018)** |
|---|---|---|
| Високо образование | 65 | 64 |
| Вишо образование | 1 | 1 |
| Средно стручно образование | 9 | 9 |
| Основно образование | / | / |
| **Вкупно** | **75** | **74** |

Табела на вработени во Државната комисија според полот

| **Пол** | **Вкупно (заклучно со 23.07.2018)** | **Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018)** |
|---|---|---|
| Машки | 36 | 36 |
| Женски | 39 | 38 |
| **Вкупно** | **75** | **74** |

Табела на вработени во Државната комисија според возраста

| **Возраст** | **Вкупно (заклучно со 23.07.2018)** | **Вкупно (од 18.10.2018-31.12.2018)** |
|---|---|---|
| Помлади од 24 години | 2 | 1 |
| Од 25 до 49 години | 63 | 63 |
| Постари од 50 години | 10 | 10 |
| **Вкупно** | **75** | **74** |

# 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

## 4.1 Предмети од областа на социјалната политика

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на социјалната политика, односно решенија со кои се одлучува за еднократна парична помош (решенија на министер за труд и социјална политика), рефундирање на средства за набавка на патнички автомобили за лица со попреченост (платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза), посвојување и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од Законот за социјалната заштита и Законот за семејството.

Во оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 27 предмети** и заведени со архивски знак 1104, од кои 6 жалби за еднократна парична помош за која одлучувал министер, 4 жалби за посвојување, 14 жалби за рефундирање средства за возила од странство и 3 жалби по други основи.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 9 предмети, при што решени се 8 предмети, 1 предмет е вратен на административно доуредување, а 18 предмети останале нерешени:**

- 2 предмети каде жалбата се уважува
- 2 предмети каде жалбата се одбива
- 2 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмет кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 1 предмет по кој е побарано административно доуредување
- 18 нерешени предмети.

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на социјалната политика** | |
| Уважени жалби | 2 |
| Одбиени жалби | 2 |
| Отфрлени жалби | 2 |
| Запрени постапки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 2 |
| Административно доуредување | 1 |
| Нерешени предмети | 18 |
| **Вкупно** | **27** |

Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука

| Вид на одлука | Посвојување | Рефундирање средства за возила | Еднократна парична помош | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | / | 1 | / | 1 | 2 |
| Одбиени жалби | 2 | / | / | / | 2 |
| Отфрлени жалби | / | / | 1 | 1 | 2 |
| Запрени постапки | / | / | / | / | / |
| Пратени на надлежен орган | / | / | 2 | / | 2 |
| Адм.доуред ување | / | / | 1 | / | 1 |
| Нерешени предмети | 2 | 13 | 2 | 1 | 18 |
| **ВКУПНО** | **4** | **14** | **6** | **3** | **27** |

Покрај наведените предмети кои биле тековно примени и решени, Државната комисија оваа година **решила и 3 предмети кои се примени во претходни години**:

- 1 предмет каде жалбата се уважува
- 1 предмет каде жалбата се одбива
- 1 предмет кој е пратен на понатамошно постапување на надлежен орган.

Против решенијата од областа на социјалната политика, донесени во 2018 година, **бил поведен 1 управен спор**, за кој до Државната комисија е доставена пресуда со која тужбата била одбиена како неоснована.

Дополнително, во текот на 2018 година, до Државната комисија се доставени и 5 пресуди во врска со решенија на Државната комисија од областа на социјалната

политика донесени во претходни години, од кои со 3 пресуди тужбата била одбиена како неоснована, со 1 пресуда тужбата била уважена и поништено решение на Државната комисија, а во 1 случај тужбата била отфрлена.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на социјалната политика пристигнати во 2018** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 4 |
| Уважени тужби | 1 |
| Отфрлени тужби | 1 |
| **Вкупно** | **6** |

## 4.2 Предмети од областа на образованието, науката и културата

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на образованието, науката и културата, односно решенија со кои се одлучува за доделување ученички и студентски стипендии, решенија за одобрување и употреба на учебници во основното и средното образование, избор на проекти пријавени на конкурсите за финансирање проекти од национален интерес во културата, како и на конкурсите за финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност, решенија за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовен кадар, решенија за вршење дејност спорт и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Законот за ученичкиот стандард;
- Законот за студентскиот стандард;
- Законот за учебници за основно и средно образование;
- Законот за високото образование;
- Законот за културата;
- Закон за Бирото за развој на образованието, и
- Закон за спортот.

Во оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 671 предмет** и заведени со архивски знак 1105, од кои 88 жалби за стипендии, 556 за проекти од областа на културата, 25 за проекти од филмската дејност и 2 жалби по други основи.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 563 предмети, при што решени се 420 предмети, 143 предмети се вратени на административно доуредување, а 108 предмети останале нерешени:**

- 13 предмети каде жалбата се уважува
- 263 предмети каде жалбата се одбива
- 7 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет по кој постапката е запрена
- 11 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 143 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 125 предмети по кои постапил првостепениот орган

- 108 нерешени предмети[2].

| 2018 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на образованието и науката** | |
| Уважени жалби | 13 |
| Одбиени жалби | 263 |
| Отфрлени жалби | 7 |
| Запрени постапки | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 11 |
| Административно доуредување | 143 |
| Предмети по кои постапил првостепениот орган | 125 |
| Нерешени предмети | 108 |
| **Вкупно** | **671** |




[2] Од вкупниот број на 108 нерешени предмети и 143 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 28.02.2019 година, решени се 83 предмети.

Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука.

| Вид на одлука | Стипендии | Проекти од културата | Проекти од филмската дејност | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | 4 | / | 9 | / | 13 |
| Одбиени жалби | 37 | 216 | 9 | 1 | 263 |
| Отфрлени жалби | 1 | / | 5 | 1 | 7 |
| Запрени постапки | / | / | 1 | / | 1 |
| Пратени на натамошно постапување на надлежен орган | / | 11 | / | / | 11 |
| Администра тивно доуредување | 41 | 102 | / | / | 143 |
| Жалби по кои постапил првостепени от орган | 3 | 122 | / | / | 125 |
| Нерешени предмети | 2 | 105 | 1 | / | 108 |
| **ВКУПНО** | **88** | **556** | **25** | **2** | **671** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени и решени, Државната комисија оваа година **решила и 5 предмети кои се примени во претходни години**:

- 1 предмет каде жалбата се уважува
- 4 предмети каде жалбата се одбива.

Против решенијата од областа на образованието и културата, донесени во 2018 година, биле поведени вкупно 7 управни спорови, за кои до Државната комисија се доставени 4 пресуди/решенија, од кои 3 пресуди со кои тужбата била одбиена како неоснована и 1 решение со кое тужбата била отфрлена. За останатите 3 тужби до Државната комисија не била доставена пресуда.

| | Стипендии | Проекти од култура | Проекти од филмска дејност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | / | 4 | 3 | 7 |
| **Пресуди со кои се одбива тужбата** | / | 1 | 2 | 3 |
| **Решение за отфрлање на тужбата** | / | 1 | / | 1 |
| **Не е доставена пресуда** | / | 2 | 1 | 3 |

Во текот на 2018 година, до Државната комисија се доставени и 23 пресуди/решенија во врска со решенија на Државната комисија од областа на образованието и културата донесени во претходни години, од кои со 7 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 4 решенија тужбата била отфрлена, со 1 решение постапката по тужба била запрена, а со 11 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија. Во врска со пресудите со кои тужбите биле уважени, Државната комисија повторно одлучувала и донела една одлука согласно насоките на Управниот суд.

Во оваа област, во 2018 година, до Државната комисија биле доставени вкупно 27 пресуди/решенија, од кои со 10 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, 5 тужби биле отфрлени, 1 постапка по тужба била запрена, а со 11 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на образованието и културата, пристигнати во 2018 година** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 10 |
| Уважени тужби | 11 |
| Отфрлени тужби | 5 |
| Запрени постапки по тужба | 1 |
| **Вкупно** | **27** |



Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на образованието и науката, во 2018 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на образованието и културата** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2018 година | 420 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 5 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 1 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 143 |
| **Вкупно** | **569** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на образованието и науката, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 14 |
| Одбиени жалби | 267 |
| Отфрлени жалби | 7 |
| Запрени постапки | 1 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 11 |
| Пратени на административно доуредување | 143 |
| Жалби по кои постапил првостепениот орган | 125 |
| Донесени решенија по пресуда | 1 |
| **Вкупно** | **569** |


Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на образованието и културата, според начин на постапување и одлука
уважени жалби
одбиени жалби
отфрлени жалби
запрени постапки
пратени на натамошно постапување на надлежен орган
жалби по кои постапил првостепениот орган
административно доуредување
донесени решенија по пресуда
25%
22%
0%
3%
2%
0%
1%
47%

## 4.3 Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, односно решенија на Министерството за внатрешни работи со кои се одлучува за одобрение за набавка на оружје, одземање на оружје, замена на дозвола за оружје, за барања на граѓаните за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, за издавање на лична карта/забрана за употреба на личната карта за преминување на државната граница, за издавање/одземање на патна исправа, издавање/одземање на дозвола за привремен/постојан престој на странец во Република Македонија, привремено задржување странец во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи, одбивање влез на странец во Република Македонија, протерување странец и издавање патна исправа за странец, издавање/одземање дозвола за приватно обезбедување на друштва за обезбедување.

Во оваа област, Државната комисија е надлежна и за одлучување по жалби против решенија на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) со кои се одлучува за поднесени барања за издавање на безбедносен сертификат како и против решенија за престанок на важноста на безбедносен сертификат пред истекот на неговата важност.

Државната комисија е законски надлежна и за одлучување по жалби против решенија на Управата за водење на матичните книги: решенија за дополнителен упис во матичните книги и решенија за упис на податоци за раѓање, склучување брак или смрт на државјанин на Република Македонија во странство.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за оружјето;
- Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;
- Законот за личната карта;
- Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија;
- Законот за странците;
- Законот за приватно обезбедување;
- Законот за класифицирани информации, и
- Законот за матичната евиденција.

Во  оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 743 предмети** и заведени со архивски знак 1108, од кои 663 жалба за оружје, 28 жалби од матични книги, 23 жалби за безбедносни сертификати, 17 жалби од странци,

5 жалби за лични карти, 1 жалба за престојувалиште и живеалиште, 2 жалби за патни исправи и 4 жалби по други основи.

Од вкупниот број на 743 предмети од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 471 предмет, при што решени се 451 предмет, 20 предмети се вратени на административно доуредување, а 272 предмети останале нерешени:**

- 140 предмети каде жалбата се уважува
- 298 предмети каде жалбата се одбива
- 7 предмети каде жалбата се отфрла
- 5 предмети каде постапката е запрена
- 1 предмет е пратен на натамошно постапување на надлежен орган
- 20 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 272 нерешени предмети[3]

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор** | |
| Уважени жалби | 140 |
| Одбиени жалби | 298 |
| Отфрлени жалби | 7 |
| Запрени постапки | 5 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно доуредување | 20 |
| Нерешени предмети | 272 |
| **Вкупно** | **743** |

[3] Од вкупниот број на 272 нерешени предмети и 20 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 28.02.2019 година, решени се 172 предмети.




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | Оружје | Патни исправи | ДБКИ | Л.карти | Странци | Прест. и живеал. | М.книги | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | 135 | / | / | 2 | / | / | 3 | / | 140 |
| Одбиени жалби | 267 | 1 | 15 | 3 | 5 | 1 | 5 | 1 | 298 |
| Отфрлени жалби | 4 | / | / | / | / | / | / | 3 | 7 |
| Запрени постапки | / | 1 | / | / | 4 | / | / | / | 5 |
| Пратени на натамошно постапување на надлежен орган | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Административно доуредување | 9 | / | 1 | / | 2 | / | 8 | / | 20 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети** | 247 | / | 7 | / | 6 | / | 12 | / | 272 |
| **ВКУПНО** | **663** | **2** | **23** | **5** | **17** | **1** | **28** | **4** | **743** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 42 предмети кои се примени во 2017 година**:

- 14 предмети каде жалбата се уважува
- 23 предмети каде жалбата се одбива
- 5 предмети каде жалбата се отфрла.

Против решенијата од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, донесени во 2018 година, **биле поведени вкупно 43 управни спорови**, за кои до

Државната комисија се доставени 18 пресуди, од кои 14 пресуди со кои тужбата била одбиена како неоснована и 4 пресуди со кои тужбата била уважена и поништено решение на Државната комисија (неправосилни). За 25 поднесени тужби до Државната комисија не била доставена пресуда.

| | **Оружје** | **Патни исправи** | **ДБКИ** | **Странци** | **Матични книги** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | 39 | / | 2 | / | 2 | 43 |
| **Пресуди со кои се одбива тужбата** | 14 | / | / | / | / | 14 |
| **Пресуди со кои се уважува тужбата** | 4 | / | / | / | / | 4 |
| **Не е доставена пресуда** | 21 | / | 2 | / | 2 | 25 |

Дополнително, во текот на 2018 година, до Државната комисија се доставени и 93 пресуди/решенија на Управниот суд во врска со решенија на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор донесени во претходни години, од кои со 64 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 20 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија, а 9 тужби биле отфрлени. Од 20 пресуди со кои тужбите биле уважени, само една пресуда била правосилна, па Државната комисија повторно одлучувала само по еден предмет и донела одлука согласно насоките на Управниот/Вишиот управен суд.

Во оваа област, во 2018 година, до Државната комисија биле доставени **вкупно 111 пресуди**, од кои со 78 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 24 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија, а со 9 пресуди тужбата била отфрлена.

| Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор пристигнати во 2018 | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 78 |
| Уважени тужби | 24 |
| Отфрлени тужби | 9 |
| Запрена постапка | / |
| **Вкупно** | **111** |




Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, во 2018 година, се состоела од следното:

| Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2018 година | 451 |
| Вкупно решени предмети од 2017 година | 42 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 1 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 20 |
| **Вкупно** | **514** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| Уважени жалби | 154 |
| Одбиени жалби | 321 |
| Отфрлени жалби | 12 |
| Запрени постапки | 5 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Пратени на административно доуредување | 20 |
| Донесени решенија по пресуда | 1 |
| **Вкупно** | **514** |



## 4.4 Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на безбедноста на храната, производството на вино, регистарот на откупувачи на тутун, уписот и бришењето од регистар на откупувачи со земјоделски производи, уписот и бришењето од регистар на увозници на одделни земјоделски производи и уписот и бришењето од регистар на организации на производители, користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште, обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, управувањето со отпадот, ставање во употреба и постапувањето со отпадот од пакување, условите, начинот и постапките под кои можат да се користат водите и заштита од штетното дејство на водите, стопанисувањето со шумите и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Закон за безбедност на храната;
- Закон за виното;
- Закон за тутун и тутунски производи;
- Закон за животната средина;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за води;
- Закон за шумите;
- Закон за земјоделско земјиште, и
- Закон за земјоделство и рурален развој.

Во овая област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 44 предмети** и заведени со архивски знак 0807, од кои 21 жалба против решенија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, 14 жалби против решенија на Министерството за животна средина и просторното планирање, 5 жалби против решенија на Агенцијата за храна и ветеринарство, 3 жалби против решенија на градоначалници (Б-интегрирани еколошки дозволи) и 1 жалба по друг основ.

Од вкупниот број од 44 предмети од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 36 предмети, при што решени се 15 предмети, 21 предмет е вратен на административно доуредување, а 8 предмети останале нерешени:**

- 1 предмети каде жалбата се уважува
- 6 предмети каде жалбата се одбива

- 8 предмети каде жалбата се отфрла
- 21 предмет по кој е побарано административно доуредување
- 8 нерешени предмети[4]

| 2018 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на земјоделството и животната средина** | |
| Уважени жалби | 1 |
| Одбиени жалби | 6 |
| Отфрлени жалби | 8 |
| Запрени постапки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | / |
| Административно доуредување | 21 |
| Нерешени предмети | 8 |
| **Вкупно** | **44** |




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според првостепен орган против чие решение е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

[4] Од вкупниот број на 8 нерешени предмети и 21 предмет за кој било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 28.02.2019 година, решени се 8 предмети.

| Вид на одлука | МЗШВ | МЖСПП | АХВ | Градоначалници | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | / | / | / | 1 | / | 1 |
| Одбиени жалби | 1 | 4 | / | 1 | / | 6 |
| Отфрлени жалби | 1 | 1 | 4 | 1 | 1 | 8 |
| Запрени постапки | / | / | / | / | / | / |
| Пратени на натамошно постапување на надлежен орган | / | / | / | / | / | / |
| Административно доуредување | 15 | 5 | 1 | / | / | 21 |
| Нерешени предмети | 4 | 4 | / | / | / | 8 |
| **ВКУПНО** | **21** | **14** | **5** | **3** | **1** | **44** |



Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 21 предмет од претходни години**:

- 7 предмети каде жалбата се одбива
- 4 предмети каде жалбата се уважува
- 7 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети каде постапката се запира.

Според евиденцијата на Државната комисија, против решенијата од областа на земјоделството и животната средина, донесени во 2018 година, **биле поведени 2 управни спора**, од кои едниот е решен на начин што Управниот суд ја уважил тужбата и го поништил решението на Државната комисија против кое била поднесена тужбата, а за другата тужба не била доставена пресуда до Државната комисија. Во врска со пресудата со која тужбата била уважена, Државната комисија повторно постапувала и донела одлука согласно насоките на Управниот суд.

| | **МЖСПП** | **АХВ** | **Градоначалници** | **Друго** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | 1 | / | / | 1 | 2 |
| **Пресуди со кои се одбива тужбата** | / | / | / | / | / |
| **Пресуди со кои се уважува тужбата** | 1 | / | / | / | 1 |
| **Не е доставена пресуда** | / | / | / | 1 | 1 |

Во текот на 2018 година, доставени се и 11 пресуди/решенија во врска со решенија на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина донесени во претходни години, од кои со 8 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, а со 3 пресуди тужбата била уважена.

| **Вид на пресуда** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени тужби** | / | 1 | 1 | 1 | 3 |
| **Одбиени тужби** | 1 | 1 | 1 | 5 | 8 |
| **Отфрлена тужба** | / | / | / | / | / |
| **Запрена постапка** | / | / | / | / | / |
| **Вкупно пресуди** | 1 | 2 | 2 | 6 | **11** |

Во оваа област, во 2018 година, до Државната комисија биле доставени **вкупно 12 пресуди**, од кои со 8 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, а со 4 пресуди тужбата била уважена.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина пристигнати во 2018** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 8 |
| Уважени тужби | 4 |
| Отфрлени тужби | / |
| Запрена постапка | / |
| **Вкупно** | **12** |




Од сето горенаведено, произлегува дека целокупната работна активност на Државната комисија во областа на земјоделството и животната средина, во 2018 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2018 година | 15 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 21 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 1 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 21 |
| **Вкупно** | **58** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| Уважени жалби | 5 |
| Одбиени жалби | 13 |
| Отфрлени жалби | 15 |
| Запрени постапки | 3 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | / |
| Пратени на административно доуредување | 21 |
| Донесени решенија по пресуда | 1 |
| **Вкупно** | **58** |



## 4.5 Предмети од областа на економијата и финансиите

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на економијата и финансиите, односно решенија со кои се одлучува за субвенции за организиран странски туристички промет, концесии и експлоатација на минерални суровини, песок и чакал, како и за хартии од вредност.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот;
- Законот за минерални суровини, и
- Законот за хартии од вредност.

Во оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 92 предмети** и заведени со архивски знак 0810, од кои 86 жалби за субвенции на организиран странски туристички промет, 2 жалби за концесии и експлоатации на минерални суровини и 4 жалби по други основи. Од областа на хартиите од вредност не е изјавена ниту една жалба во текот на 2018 година.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 78 предмети, при што решени се 20 предмети, а 58 предмети се вратени на административно доуредување:**

- 1 предмет каде жалбата се уважува
- 15 предмети каде жалбата се одбива
- 3 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет пратен на понатамошно постапување на надлежен орган
- 58 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 14 нерешени предмети[5].

[5] Од вкупниот број на 14 нерешени предмети и 58 предмети по кои е побарано административно доуредување, заклучно со седницата одржана на 28.02.2018 година, решени се 25 предмети.

| 2018 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на економијата и финансиите** | |
| Уважени жалби | 1 |
| Одбиени жалби | 15 |
| Отфрлени жалби | 3 |
| Запрени постапки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно доуредување | 58 |
| Нерешени предмети | 14 |
| **Вкупно** | **92** |

**Вкупно предмети од областа на економијата и финансиите примени во 2018 година, според вид на одлука на Државната комисија**



Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | Субвенции во туризам | Концесии и експлоатација на минерални суровини | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | / | 1 | | 1 |
| Одбиени жалби | 15 | / | / | 15 |
| Отфрлени жалби | 2 | / | 1 | 3 |
| Запрени постапки | / | / | / | / |
| Пратени на натамошно постапување на надлежен орган | / | / | 1 | 1 |
| Административно доуредување | 58 | / | / | 58 |
| Нерешени предмети | 11 | 1 | 2 | 14 |
| **ВКУПНО** | 86 | 2 | 4 | **92** |



Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 49 предмети кои се примени во претходни години**, но од страна на првостепениот орган списите биле докомплетирани во текот на 2018 година:

- 3 предмети каде жалбата се уважува
- 46 предмети каде жалбата се одбива.

Против решенијата од областа на економијата и финансиите, донесени во 2018 година, **биле поведени вкупно 8 управни спорови**, за кои до Државната комисија е доставена 1 пресуда со кои тужбата била одбиена како неоснована, за 6 тужби постапката била запрена, а за 1 тужба не била доставена пресуда.

| | **Субвенции во туризам** | **Министерство за економиија** | **Друго** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | 8 | / | / | 8 |
| **Пресуди со кои се одбива тужбата** | 1 | / | / | 1 |
| **Запрени постапки по тужба** | 6 | / | / | 6 |
| **Не е доставена пресуда** | 1 | / | / | 1 |

Во текот на 2018 година, до Државната комисија се доставени и 82 пресуди во врска со решенија на Државната комисија од областа на економијата и финансиите донесени во претходни години, од кои со 33 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 2 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија, а по 47 тужби постапките биле запрени.

Оттука произлегува дека, во оваа област, во 2018 година, до Државната комисија биле доставени **вкупно 89 пресуди**, од кои со 34 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 2 пресуди тужбите биле уважени, а по 53 тужби постапките биле запрени.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на економијата и финансиите пристигнати во 2018** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 34 |
| Уважени тужби | 2 |
| Запрени постапки по тужба | 53 |
| **Вкупно** | **89** |




Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на економијата и финансиите, во 2018 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на економијата и финансиите** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2018 година | 20 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 49 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | / |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 58 |
| **Вкупно** | **127** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на економијата и финансиите, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| Уважени жалби | 4 |
| Одбиени жалби | 61 |
| Отфрлени жалби | 3 |
| Запрени постапки | / |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Пратени на административно доуредување | 58 |
| Донесени решенија по пресуда | / |
| **Вкупно** | **127** |



## 4.6 Предмети од областа на работните односи

Покрај надлежноста за одлучување во управна постапка во втор степен, Државната комисија е надлежна да одлучува и по жалби за заштита на правата од работен однос на вработените во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници, како и за заштита на правата на вработените во Агенцијата за администрација.

Со други зборови, Државната комисија е надлежна да одлучува за прашања кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација, а за кои за Државната комисија е предвидена надлежност за одлучување со посебните закони со кои се регулираат прашања во врска со правата и обврските од работен однос на вработените во јавниот сектор кои имаат статус на овластени службени лица и статус на даватели на јавни услуги.

Во оваа област, Државната комисија одлучува по жалби на вработените во Министерството за внатрешни работи, на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, затворската полиција, шумската полиција, финансиската полиција, како и по жалби на здравствените работници и соработници, на вработените во областа на социјалната заштита и други вработени во јавниот сектор.

Правата од работен однос на овие категории вработени, покрај со општите прописи од областа на работните односи и Законот за вработените во јавниот сектор, се регулирани со посебни закони од секоја релевантна област (lex specialis). Оттука, надлежноста на Државната комисија да одлучува по жалбите на овие лица се утврдува токму со тие посебни закони. Одредени посебни закони пропишуваат општа надлежност на Државната комисија за заштита на сите права од работен однос (пример: Законот за здравствената заштита во однос на правата на здравствените работници/соработници), но други посебни закони ја ограничуваат нејзината надлежност само на заштита на децидно утврдени права од работен однос.

Во таа смисла, во најголемиот број случаи, со посебните закони е утврдена надлежност на Државната комисија да одлучува по жалби поврзани со постапки за вработување, распоредување на работно место, дисциплинска и материјална одговорност, суспензија и престан на работниот однос, избор и разрешување на директори на основни училишта, средни училишта и јавни установи за социјална заштита и друго.

Против решенијата на Државната комисија донесени во областа на работните односи, согласно член 10 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

обезбедена е судска заштита пред редовните судови (надлежни основни судови). Исклучок од ова правило се предметите со кои се одлучува за избор и разрешување директори на основни и средни училишта, за кои е обезбедена заштита пред Управниот суд на Република Македонија.

Во врска со предметите за кои е обезбедена заштита пред редовните судови, значајно е да се спомене дека во овие спорови Државната комисија не е пасивно легитимирана, односно не може да биде тужена страна, поради што Државната комисија не располага со податоци ниту за бројот на поведени спорови против решенијата на Државната комисија, ниту за исходот од тие спорови. Од тие причини, во точката 6.1 од ова поглавје не се содржани податоци за бројот на покренати работни спорови пред редовните судови, а во точката 6.2 се содржани податоци за покренати управни спорови само за предметите за кои е предвидена управно-судска заштита (избор и разрешување директори на основни и средни училишта).

### 4.6.1 Предмети од областа на работните односи за вработените во безбедноста и одбраната (Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана)

Во оваа група на предмети спаѓаат предметите по жалби од полициските службеници и овластените службеници лица вработени во Министерството за внатрешни работи, како и жалбите од воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија.

Во текот на 2018 година, најголем број од жалбите на вработените во Министерството за внатрешни работи се изјавени против решенија за изрекување дисциплинска мерка и решенија за распоредување, додека жалбите од воените и цивилните лица во најголем дел се однесуваат на плата и надоместоци на плата (трошоци за превоз, закупнина, одвоен живот од семејството), јубилејна награда, поставување и упатување на должност, престанок на работен однос по потреба на службата со право на исполнување услови за старосна пензија, утврдување право на стаж на осигурување со зголемено траење и друго.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за внатрешните работи, и
- Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Во оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 484 предмети** и заведени со архивски знак 0901, од кои 233 жалби од вработени во Министерството за внатрешни работи, 249 жалби од лица на служба во

Армијата на Република Македонија и 2 жалби од лица за кои Државната комисија нема надлежност да постапува.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 403 предмети, при што решени се 388 предмети, 15 предмети се вратени на административно доуредување, а 81 предмет останал нерешен:**

- 34 предмети каде жалбата се уважува
- 256 предмети каде жалбата се одбива
- 97 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет пратен на натамошно постапување на надлежен орган
- 15 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 81 нерешен предмет[6].

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработени во безбедноста и одбраната според вид на одлука на Државната комисија** | |
| Уважени жалби | 34 |
| Одбиени жалби | 256 |
| Отфрлени жалби | 97 |
| Запрени постапки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно доуредување | 15 |
| Нерешени предмети | 81 |
| **Вкупно** | **484** |

[6] Од вкупниот број на 81 нерешен предмет и 15 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 28.02.2019 година, решени се 55 предмети.




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според првостепен орган (Министерство за внатрешни работи или Министерство за одбрана) и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | МВР | МО | друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 27 | 7 | 0 | 34 |
| **Одбиени жалби** | 120 | 136 | 0 | 256 |
| **Отфрлени жалби** | 13 | 82 | 2 | 97 |
| **Запрени постапки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Пратени на натамошно постапување на надлежен орган** | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **Административно доуредување** | 12 | 3 | 0 | 15 |
| **Нерешени предмети** | 61 | 20 | 0 | 81 |
| **ВКУПНО** | **233** | **249** | **2** | **484** |




Покрај претходнонаведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 28 предмети кои се примени во 2017 година**, но од страна на првостепениот орган списите биле докомплетирани во текот на 2018 година:

- 19 предмети каде жалбата се одбива
- 6 предмети каде жалбата се уважува
- 3 предмети каде жалбата се отфрла.

### 4.6.2 Предмети од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор

Во оваа група на предмети спаѓаат предметите по жалби од здравствените работници/соработници, припадниците на затворската полиција, вработените во установите за социјална заштита, жалби против одлуките со кои се врши избор по објавен јавен оглас за вработување во здравствените установи, установите за социјална заштита и казнено-поправните установи, жалби против одлуките на градоначалниците со кои се врши избор/разрешување на директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и детски градинки, жалби против решенија на министерот за труд и социјална политика со кои се врши избор/разрешување на директори на установи за социјална заштита и друго.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за здравствената заштита;
- Законот за извршување на санкциите;
- Законот за социјалната заштита;
- Законот за основното образование;
- Законот за средното образование;
- Законот за ученичкиот стандард;
- Законот за заштита на децата и други посебни закони.

Во оваа област, во 2018 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 312 предмети** и заведени со архивски знак 0904, од кои 173 жалби од вработени во јавни здравствени установи, 46 жалби против решенија на градоначалници, 41 жалба против решенија на министерот за труд и социјална политика и решенија на директори на јавни установи за социјална заштита, 22 жалби од затворска полиција и 30 жалби по други основи.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија **постапила по 271 предмет, при што решени се 237 предмети, 34 предмети се вратени на административно доуредување, а 41 предмет останал нерешен:**

- 26 предмети каде жалбата се уважува
- 161 предмет каде жалбата се одбива
- 31 предмет каде жалбата се отфрла
- 3 предмети по кои постапката е запрена
- 16 предмети се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 34 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 41 нерешен предмет[7].

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор според вид на одлука на Државната комисија** | |
| Уважени жалби | 26 |
| Одбиени жалби | 161 |
| Отфрлени жалби | 31 |
| Запрени постапки | 3 |

[7] Од вкупниот број на 41 нерешен предмет и 34 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 28.02.2019 година, решени се 58 предмети.

| | |
|---|---|
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 16 |
| Административно доуредување | 34 |
| Нерешени предмети | 41 |
| **Вкупно** | **312** |




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2018 година, според првостепен орган (јавни здравствени установи, градоначалници, Министерство за труд и социјална политика и јавни установи за социјална заштита, казнено-поправни установи и друго) и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | ЈЗУ | Градоначалници | МТСП и ЦСР | КПУ | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 14 | 5 | 6 | 1 | / | 26 |
| **Одбиени жалби** | 106 | 17 | 26 | 9 | 3 | 161 |
| **Отфрлени жалби** | 11 | 11 | 3 | 3 | 3 | 31 |
| **Запрени** | 2 | / | 1 | / | / | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| постапки | | | | | | |
| Пратени на натамошно постапување на надлежен орган | 7 | 1 | / | 3 | 5 | 16 |
| Административно доуредување | 15 | 5 | 5 | 1 | 8 | 34 |
| Нерешени предмети | 18 | 7 | / | 5 | 11 | 41 |
| **ВКУПНО** | **173** | **46** | **41** | **22** | **30** | **312** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 49 предмети кои се примени во 2017 година**, но од страна на првостепениот орган списите биле докомплетирани во текот на 2018 година:

- 20 предмети каде жалбата се уважува
- 15 предмети каде жалбата се одбива
- 11 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмети се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 1 предмет по кој е побарано административно доуредување.

Како што е претходно образложено во поглавјето 6 од овој извештај, против решенијата на Државната комисија во оваа област може да се покрене управен спор кај предметите со кои се одлучува за избор и разрешување директори на основни и средни училишта. Во оваа смисла, според евиденцијата на Државната комисија, против наведените решенија, донесени во 2018 година, **биле поведени 7 управни спорови**, за кои до Државната комисија се доставени само 2 пресуди, од кои со една пресуда тужбата била отфрлена, а со една пресуда тужбата била уважена и поништено решение на Државната комисија (пресуда донесена во отсуство на списи). Во врска со пресудата со која тужбата била уважена, Државната комисија повторно одлучувала и донела одлука.

Дополнително, во текот на 2018 година, до Државната комисија се доставени и 6 пресуди/решенија во врска со решенија на Државната комисија донесени во претходни години, од кои со 5 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, а со 1 решение тужбата била отфрлена како недозволена.

Оттука произлегува дека, во оваа област, во 2018 година, до Државната комисија биле доставени **вкупно 8 пресуди**, од кои со 5 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 1 пресуда тужбата била уважена, а со 2 пресуди тужбите биле отфрлени.



Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на работните односи за другите категории вработени во јавниот сектор, во 2018 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор во 2018 година** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2018 година | 237 |
| Вкупно решени предмети од претходна година | 49 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 1 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 34 |
| **Вкупно** | **321** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 46 |
| Одбиени жалби | 176 |
| Отфрлени жалби | 42 |
| Запрени постапки | 3 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 18 |
| Пратени на административно доуредување | 35 |
| Донесени решенија по пресуда | 1 |
| **Вкупно** | **321** |


Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор, според начин на постапување и одлука
уважени жалби
одбиени жалби
отфрлени жалби
запрени постапки
пратени на надлежен орган
административно доуредување
донесени решенија по пресуда
13%
1%
6%
11%
0%
14%
55%

## 4.7 Предмети од областа на приватизацијата и експропријацијата

Во врска со постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Државната комисија постапува и одлучува по жалби на незадоволните странки изјавени против решенија со кои се одлучува за приватизацијата на градежно земјиште во државна сопственост, против решенија со кои што се одлучува за воспоставување на закуп на градежно земјиште и за решенија со кои што се одлучува за престанок на воспоставениот закуп, против решенија за времено ослободување од плаќање на надомест за приватизација и закупнина, како и против решенија со кои се одлучува за престанок и за одземање на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост. Надлежноста на Државната комисија да одлучува во оваа постапка произлегува од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011, 51/2011, 27/2014, 144/2014, 72/2015, 104/2015, 153/2015, 23/2016, 178/2016 и 120/2018).

Надлежноста за постапување по жалбите против решенијата донесени во постапките за експропријација, Државната комисија ја заснова на преодните одредби од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012). Согласно одредбите од цитираниот закон, Државната комисија е надлежна за постапување во втор степен по жалби изјавени против решенијата за експропријација донесени врз основа на Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/2005, 10/2008, 106/2008, 156/10 и 6/12).

Предметите од областа на приватизацијата и експропријацијата се заведени во Државната комисија со архивски знак 0801.

Државната комисија во 2018 година, постапи по вкупно 784 предмети, од областа на приватизација и експропријација, од кои 110 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 674 предмети (Табела бр.1).

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на приватизација и експропријација по кои постапила Државната комисија во 2018 година** | |
| Уважени жалби | 451 |
| Одбиени жалби | 97 |
| Отфрлени жалби | 38 |

| | |
|---|---|
| Запрени постапки | 22 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 27 |
| Донесени решенија по пресуда | 39 |
| **Вкупно решени предмети** | **674** |
| Административно барање (доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 110 |
| **Вкупно постапени предмети** | **784** |

**Табела бр.1**

**Графикон бр.1. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на приватизација и експропријација од страна на Државната комисија во 2018 година.**




Државната комисија во текот на 2018 година (Табела бр.2), постапила по вкупно 633 предмети од претходните години (2012-2017), од кои 59 се вратени на административно доуредување, а решени се 574 предмети.

Во 2018 година се примени и оформени вкупно 724 предмети од областа на приватизација и експропријација, од кои, Државната комисија постапила по 151 предмети, при што, вратени на административно доуредување се 51 предмети, а решени се 100 предмети.

Кај предметите од оваа област, односно во делот на нерешените предмети, напоменуваме дека за голем дел од истите, односно за вкупно 123 предмети не е изминат законскиот рок од два месеци (60 дена) за решавање.

**Табела бр.2. Вкупно постапени и решени предмети од областа на приватизација и експропријација во 2018 година за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 387 | 64 | 451 |
| 2 | Одбиени | 85 | 12 | 97 |
| 3 | Отфрлени | 35 | 3 | 38 |
| 4 | Запрени | 6 | 16 | 22 |
| 5 | На надлежност | 22 | 5 | 27 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 39 | / | 39 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **574** | **100** | **674** |
| 8 | Административно барање | 59 | 51 | 110 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **633** | **151** | **784** |

### 4.7.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Македонија.

Против решенија од областа на приватизацијата и експропријацијата, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2018 година од областа на приватизацијата и експропријацијата, за 63 предмети поведен е управен спор пред Управниот суд, за кои се донесени 5 пресуди од страна на Управниот суд во текот на 2018 година, од кои со 3 пресуди одбиена е тужбата на тужителот, а со 2 пресуди уважена е тужбата на тужителот против решенијата на Државната комисија.

**Табела бр.3. Донесени пресуди во 2018 година од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по изјавени тужби против решенија на Државната комисија од областа на приватизација и експропријација.**

| Бр. | Донесени пресуди по решенија на Држаната комисија | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно донесени пресуди во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 31 | 2 | 33 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Одбиени | 160 | 3 | 163 |
| 3 | Отфрлени | 10 | / | 10 |
| 5 | Запрени | 5 | / | 5 |
| 4 | **Пресуди - вкупно** | **206** | **5** | **211** |

Вкупниот број на донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на приватизацијата и експропријацијата изнесува 211. Бројот на одбиени тужби со пресуда од Управниот суд и Вишиот Управен суд во текот на 2018 година по донесени решенија на Државната комисија изнесува 163, односно 77,25% од вкупно донесените пресуди, додека уважени се 33 тужби, или 15,64 % од вкупно донесените пресуди, отфрлени се 10 тужби или 4,74%, а запрена е постапката за 5 тужби или за 2,37% од вкупно пристигнатите пресуди.

**Графикон бр.2. Процентуално учество на донесените пресуди по поднесени тужби против решенијата на Државната комисија од областа на приватизацијата и експропријацијата во 2018 година.**



## 4.8 Предмети од областа на катастарот на недвижностите

По однос на преметите од областа на катастарот на недвижностите, Државната комисија постапува во втор степен по жалби изјавени против управни акти со кои се одлучува за запишување на правата на недвижностите, за спроведување на промени во катастар на недвижности, како и за востановување и одржување на катастарот на недвижности, донесени во постапките започнати до денот на влегување во сила на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/13).

Надлежноста на Државната комисија за одлучување во оваа област произлегува од одредбите на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на Република Македонија " бр. 27/86, 17/91, 84/2005,109/2005 и 70/2006), одредбите на Законот за катастар на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2014, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/2016), како и од одредбите на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008, 158/10, 17/11, 51/11 и 74/12).

Предметите од областа на катастарот на недвижностите се заведени во Државната комисија со архивски знак 0814.

Државната комисија во 2018 година, постапи по вкупно 12 предмети, од областа на катастарот и недвижностите, од кои 7 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 5 предмети (Табела бр.4).

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на катастар на недвижности по кои постапила Државната комисија во 2018 година** | |
| Отфрлени | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 3 |
| Донесени решенија по Пресуда | 1 |
| Вкупно решени предмети | 5 |
| Административно барање ( доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 7 |
| Вкупно постапени предмети | 12 |

Табела бр.4

**Графикон бр.3. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на катастар на недвижности од страна на Државната комисија во 2018 година.**




Државната комисија во текот на 2018 година (Табела бр.5), постапила по вкупно 12 предмети од претходните години, од кои 7 се вратени на административно доуредување, а решени се 5 предмети.

Во 2018 година се примени и оформени вкупно 3 предмети од областа на катастар на недвижности, за кои не е изминат законскиот рок за постапување од 60 (шеесет) дена.

**Табела бр.5. Вкупно постапени и решени предмети од областа на катастар на недвижности во 2018 година за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Одбиени | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Отфрлени | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 3 | 0 | 3 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 1 | 0 | 1 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | 5 | 0 | 5 |
| 8 | Административно барање | 7 | 0 | 7 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | 12 | 0 | 12 |

#### 4.8.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Македонија.

Против решенија од областа на катастар на недвижности, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2018 година нема предмети против кои е поведен управен спор пред Управниот суд, како и нема донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на катастарот на недвижности.

## 4.9 Предмети од областа на денационализацијата

Државната комисија постапува по предмети од областа на денационализацијата. Имено, Државната комисија има надлежност за постапување по жалби изјавени против решенија со кои што се одлучува за враќање на имот, односно за давање надомест на физички лица за имот одземен во корист на државата, а коишто решенија се донесени од страна на првостепените органи за денационализација до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација (“Службен весник на Република Македонија” бр.72/2010). Со цитираниот закон се избриша членот 57 и се измени членот 58 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007), на начин што се пропиша право на управен спор против решението за органот за денационализација.

Предметите од областа денационализацијата се заведени во Државната комисија со архивски знак 0815.

Државната комисија во 2018 година, постапи по вкупно 148 предмети од областа на денационализацијата, од кои 104 предмети се вратени на административно доуредување пред првостепениот орган, а решени се 44 предмети (Табела бр.6).

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на денационализацијата по кои постапила Државната комисија во 2018 година** | |
| Уважени жалби | 20 |
| Одбиени жалби | 5 |
| Отфрлени жалби | 5 |
| Запрени постапки | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 11 |
| Постапено по Пресуда | 2 |
| Вкупно решени предмети | 44 |
| Административно барање (доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 104 |
| Вкупно постапени предмети | 148 |

Табела бр.6

**Графикон бр.4. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на денационализацијата од страна на Државната комисија во 2018 година.**




Државната комисија во текот на 2018 година (Табела бр.7), постапи по вкупно 146 предмети од претходните години (2012-2017), од кои 103 се вратени на административно доуредување, а решени се 43 предмети.

Во 2018 година се примени и оформени вкупно 22 предмети од областа на денационализацијата, од кои, Државната комисија постапила по 2 предмети, при што, на административно доуредување пред првостепениот орган вратен е 1 предмет, а решен е 1 предмет.

**Табела бр.7. Вкупно постапени и решени предмети од областа на денационализација во 2018 година за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 19 | 1 | 20 |
| 2 | Одбиени | 5 | 0 | 5 |
| 3 | Отфрлени | 5 | 0 | 5 |
| 4 | Запрени | 1 | 0 | 1 |
| 5 | На надлежност | 11 | 0 | 11 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 2 | 0 | 2 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | 43 | 1 | 44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Административни | 103 | 1 | 104 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | 146 | 2 | 148 |

### 4.9.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Македонија.

Против решенија од областа на денационализацијата, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2018 година, против 3 решенија на Државната комисија има поведено управен спор пред Управниот суд, за кои има донесено 2 пресуди со кои е уважена тужбата на тужителот.

**Табела бр.8. Донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд на Република Македонија по изјавени тужби против решенија на Државната комисија од областа на денационализацијата во 2018 година.**

| Бр. | Донесени пресуди | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно донесени пресуди во 2018 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 5 | 2 | 7 |
| 2 | Одбиени | 13 | 0 | 13 |
| 3 | Отфрлени | 2 | 0 | 2 |
| 4 | **Пресуди - вкупно** | **20** | **2** | **22** |

Вкупниот број на донесени пресуди во 2018 година од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на денационализацијата изнесува 22. Бројот на одбиени тужби со пресуда од Управниот суд и Вишиот Управен суд во текот на 2018 година по донесени решенија на Државната комисија изнесува 13, односно 59,09% од вкупно донесените пресуди, додека уважени се 7 тужби, или 31,82%, а отфрлени се 2 тужби или 9,09% од вкупно донесените пресуди (Табела бр.8).

**Графикон бр.5. Процентуално учество на донесените пресуди по поднесени тужби против решенијата на Државната комисија од областа на денационализацијата во 2018 година.**



## 4.10 Предмети од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство.

Во врска со предметите од областа на градежното земјиште, продажбата и давањето под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, домувањето, постапувањето со бесправно изградено објекти, градењето и превозот во патниот сообраќај и заштитата на културното наследство, до Државната комисија се изјавуваат жалби против решенија донесени во постапки за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба или по пат на јавно наддавање; постапки спроведени со електронско јавно наддавање при откуп и закуп на деловни згради и деловни простори; постапки спроведени со јавно наддавање за продажба на недвижните ствари што ги користат државните органи; во постапки по барања за закуп на стан и пренос на станарско право од починат носител; против решенија донесени од страна на Министерството за транспорт и врски во постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти; во постапки за издавање одобрение од областа на градењето (градење, употреба и слично); во постапки за издавање на лиценци за изведба на градби; во постапки за издавање на лиценци за превоз на патници во меѓународниот и меѓуопштинскиот сообраќај, за одземање на лиценца и извод од лиценца за превоз на патници, за одобрување на барања за возен ред, за одземање на дозвола за вршење превоз и бришење на возен ред; како и по жалби против решенија донесени во постапки за заштититата на недвижното културното наследство на Република Македонија и др.

Предметите од областа градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство се заведени во Државната комисија со архивски знак 0804.

Државната комисија во 2018 година, постапи по вкупно 200 предмети од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост,

постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство, од кои 78 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 122 предмети (Табела бр.9).

| 2018 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на градежното земјиште и др. по кои постапила Државната комисија во 2018 година** | |
| Уважени жалби | 60 |
| Одбиени жалби | 28 |
| Отфрлени жалби | 11 |
| Запрени постапки | 2 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 7 |
| Постапено по Пресуда | 14 |
| **Вкупно решени предмети** | **122** |
| Административно барање (доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 78 |
| **Вкупно постапени предмети** | **200** |

Табела бр.9

**Графикон бр.6. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно постапените предмети од областа на градежното земјиште и др. од страна на Државната комисија во 2018 година.**



Државната комисија во текот на 2018 година (Табела бр.10), постапи по вкупно 96 предмети од претходните години (2012-2017) од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство, од кои на административно доуредување пред првостепениот орган вратени се 16 предмети, а решени се вкупно 80 предмети од претходните години.

Во 2018 година се примени и оформени вкупно 189 предмети, од кои Државната комисија постапила по 104 предмет, при што на административно доуредување пред првостепениот орган вратени се 62 предмети, а решени се 42 предмети.

**Табела бр.10. Вкупно постапени и решени предмети од областа на градежно земјиште и др. во 2018 година за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 40 | 20 | 60 |
| 2 | Одбиени | 18 | 10 | 28 |
| 3 | Отфрлени | 6 | 5 | 11 |
| 4 | Запрени | 0 | 2 | 2 |
| 5 | На надлежност | 2 | 5 | 7 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 14 | 0 | 14 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **80** | **42** | **122** |
| 8 | Административно барање | 16 | 62 | 78 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **96** | **104** | **200** |

Кај предметите од оваа област, односно во делот на нерешените предмети, напоменуваме дека за дел од истите, односно за вкупно 24 предмети не е изминат законскиот рок од два месеци (60 дена) за решавање.

### 4.10.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Македонија.

Против решенија од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2018 година, за 17 предмети поведен е управен спор пред Управниот суд на Република Македонија, кој донел 3 пресуди со кои ја уважил тужбата и 5 пресуди со која е одбиена тужбата.

**Табела бр.11. Донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд на Република Македонија по изјавени тужби против решенија на Државната комисија од областа на градежно земјиште и др. во 2018 година.**

| Бр. | Донесени пресуди | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно донесени пресуди во 2018 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 17 | 3 | 20 |
| 2 | Одбиени | 48 | 5 | 53 |
| 3 | Отфрлени | 3 | 0 | 3 |
| 4 | **Пресуди - вкупно** | **68** | **8** | **76** |

Вкупниот број на донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на транспортот и врските изнесува 76. Бројот на одбиени тужби со пресуда од Управниот суд и Вишиот Управен суд на Република Македонија во текот на 2018 година по донесени решенија на Државната комисија изнесува 53, односно 69,74% од вкупно донесените пресуди, додека уважени се 20 тужби, или 26,32% од вкупно донесените пресуди, а отфрлени се 3 тужби или 3,95% од вкупно пристигнатите пресуди.

**Графикон бр.7. Процентуално учество на донесените пресуди по поднесени тужби против решенијата на Државната комисија од областа на градежно земјиште и др. во 2018 година.**




## 4.10.2 Постапување по предмети од областа на градежното земјиште

Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од областа на градежното земјиште е пропишана во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012, 153/2012, 25/2013, 137/2013, 163/2013 и 44/2015, 193/2015 и 226/2015), кој што закон беше во правна важност до 31.12.2015 година, како и во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), кој што закон е во правна важност од 01.01.2016 година. Во рамките на своите законски надлежности од областа на градежното земјиште, Државната комисија, постапува и одлучува во втор степен по жалби изјавени против решенија донесени во постапки за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба или по пат на јавно наддавање.

**Табела бр.12. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за градежно земјиште во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 17 | 13 | 30 |
| 2 | Одбиени | 9 | 7 | 16 |
| 3 | Отфрлени | 2 | 0 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 0 | 3 | 3 |
| 6 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **28** | **23** | **51** |
| 7 | Административни | 7 | 1 | 8 |
| 8 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **35** | **24** | **59** |

### 4.10.3 Постапување по предмети од областа на продажбата и давањето под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија

Државната комисија одлучува по жалби против решенија донесени во постапки спроведени со електронско јавно наддавање при откуп и закуп на деловни згради и деловни простори. Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од областа на продажбата и давањето под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија произлегува од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2013, 69/2013, 104/2013, 27/2014, 42/2014, 178/2014, 180/2014, 51/2015, 61/2015 и 129/2015, 6/2016, 106/2016 и 21/2018).

Државната комисија во текот на 2018 година нема постапено по предметите од областа на продажбата и давањето под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија.

### 4.10.4 Постапување по предмети од областа на користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост

Државната комисија е надлежна за постапување по предметите од областа на користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, при што одлучува по жалби изјавени во постапки спроведени со јавно наддавање за продажба на недвижните ствари што ги користат државните органи. Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од оваа област е заснована на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018).

**Табела бр.13. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 0 | 1 | 1 |
| 2 | Одбиени | 0 | 1 | 1 |
| 3 | Отфрлени | 0 | 1 | 1 |
| 4 | Запрени | 0 | 1 | 1 |
| 5 | На надлежност | 0 | 0 | 0 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **0** | **4** | **4** |
| 8 | Административно барање | 0 | 0 | 0 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **0** | **4** | **8** |

### 4.10.5 Постапување по предметите од областа на домувањето

По однос на предметите од областа на домувањето, Државната комисија одлучува во втор степен во постапките по барања за закуп на стан и пренос на станарско право од починат носител. Државната комисија постапува по предметите од наведената област согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр.199/2014).

**Табела бр.14. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за домување во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 4 | 2 | 6 |
| 2 | Одбиени | 3 | 2 | 5 |
| 3 | Отфрлени | 0 | 1 | 1 |
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 0 | 0 | 0 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **7** | **5** | **12** |
| 8 | Административно барање | 0 | 8 | 8 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **7** | **13** | **20** |

### 4.10.6 Постапување по предметите од областа на бесправно изградените објекти

Државната комисија одлучува по жалби изјавени против решенија донесени од страна на Министерството за транспорт и врски во постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од оваа област е заснована на одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017).

**Табела бр.15. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 23 | 3 | 26 |
| 2 | Одбиени | 1 | 0 | 1 |
| 3 | Отфрлени | 0 | 1 | 1 |
| 4 | Запрени | 0 | 1 | 1 |
| 5 | На надлежност | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **24** | **5** | **29** |
| 8 | Административно барање | 0 | 47 | 47 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **24** | **52** | **76** |

### 4.10.7 Постапување по предмети од областа на градењето

Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од областа на градењето произлегува од Законот за градење („Службен весник на РМ“,130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2016, 226/2016, 30/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018). Во рамките на своите законски надлежности од областа на градењето, Државната комисија, постапува и одлучува во втор степен во постапки за издавање одобрение од областа на градењето (градење, употреба и слично), како и во постапки за издавање на лиценци за изведба на градби.

**Табела бр.16. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за градење во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 1 | 0 | 1 |
| 2 | Одбиени | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Отфрлени | 1 | 1 | 2 |
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 0 | 0 | 0 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **2** | **1** | **3** |
| 8 | Административно барање | 0 | 1 | 1 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **2** | **2** | **4** |

### 4.10.8 Постапување по предметите од областа на патниот сообраќај

Надлежноста на Државната комисија за постапување по предметите од областа на патниот сообраќај произлегува од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“, број 68/2004, 23/2006, 127/2006, 64/2008, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 152/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 20/2015, 44/2015, 97/2015, 129/2015,

193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018 и 163/2018). Согласно одредбите од наведениот закон, Државната комисија одлучува по жалби во постапки за издавање на лиценци за превоз на патници во меѓународниот и меѓуопштинскиот сообраќај, во постапки за одземање на лиценца и извод од лиценца за превоз на патници, во постапки за одобрување на барања за возен ред, како и во постапки за одземање на дозвола за вршење превоз и бришење на возен ред.

**Табела бр.17. Вкупно постапени и решени предмети согласно Законот за превоз во патниот сообраќај во 2018 година, за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| Бр. | Статус | Претходни години (2012-2017) | 2018 | Вкупно постапено и решено во 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Одбиени | 6 | 0 | 6 |
| 3 | Отфрлени | 2 | 1 | 3 |
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 2 | 0 | 2 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **10** | **1** | **11** |
| 8 | Административно барање | 2 | 1 | 3 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **12** | **2** | **14** |

### 4.10.9 Постапување по предмети од областа на заштитата на културното наследство на Република Македонија

Државната комисија е надлежна за решавање на жалби против решенија од областа на заштититата (опстојувањето, оживувањето и функционалното користење) на недвижното културното наследство на Република Македонија, кои што решенија во прв степен ги носи Управата за културно наследство при Министерството за култура. Имено, во рамките на своите законски надлежности од областа на заштитатата на културното наследство, Државната комисија, постапува и одлучува во втор степен по жалби изјавени против решенија со коишто се одлучува за издавање на заштитно конзерваторски услови, против решенија со кои што се одлучува за издавање на претходно заштитно – конзерваторско одобрение, како и решенија за издавање и за одземање на конзерваторско одобрение, по жалби изјавени против решенија за изведување на работи за непосредна заштита, како и по жалби против решенија за привремена заштита, решенија за прогласување на значајно културно наследство и културно

наследство во опасност, решенија за утврдување на национално богатство и по жалби против решенија за археолошки истражувања.

Надлежноста на Државната комисија за постапување и одлучување во областа на културното наследство произлегува од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/2004, 71/2004, 115/2007, 18/2011, 148/2011, 23/2013, 137/2013, 164/2013, 38/2014, 44/2014, 199/2014, 104/2015, 154/2015, 192/2015, 39/2016, 11/2018 и 20/2019).

**Табела бр.18. Вкупно постапени и решени предмети од областа на културното наследство во 2018 година за предмети од претходни години и за предмети од 2018 година.**

| **Бр.** | **Статус** | **Претходни години** | **2018** | **Вкупно постапено и решено во 2018** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 4 | 2 | 6 |
| 2 | Одбиени | 3 | 0 | 3 |
| 3 | Отфрлени | 0 | 1 | 1 |
| 4 | Запрени | 0 | 0 | 0 |
| 5 | На надлежност | 0 | 2 | 2 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **7** | **5** | **12** |
| 8 | Административно барање | 3 | 4 | 7 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **10** | **9** | **19** |

## 4.11 Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување

Државната комисија во оваа област постапува по жалби изјавени против решенијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (понатаму: Фондот). Фондот постапувајќи по барањата на странките во постапката, како и по службена должност, со донесените решенија одлучува за правата од пензиското и инвалидското осигурување. Во постапката пред Фондот како првостепен орган, како и по жалба пред Државната комисија, се применуваат одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2012...245/2018) и Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015).

Согласно член 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, права од пензиско и инвалидско осигурување се:

- 1) право на старосна пензија;
- 2) право на инвалидска пензија;
- 3) право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци;
- 4) право на семејна пензија;
- 5) право на паричен надоместок за телесно оштетување и
- 6) право на најнизок износ на пензија.

Надлежноста на Државната комисија кај предметите од оваа област е пропишана во член 134 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, каде е предвидено дека против решението донесено во прв степен на Фондот, подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во 2018 година се пристигнати и оформени вкупно 1.017 предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 1101.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2018 година, Државната комисија постапила по 750 предмети, од кои пратени на надлежен орган се 10 предмети, бидејќи немала правен основ да одлучува, вратени на административно доуредување се 118 предмети, а решени се, односно донесена е одлука по 622 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2018 година, од областа на пензиското и инвалидското осигурување, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 267 предмети.

Државната комисија во текот на 2018 година, постапила по 750 предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување, примени и оформени во 2018 година и тоа на следниот начин:

- 61 предмет каде жалбата се уважува
- 537 предмети каде жалбата се одбива
- 11 предмети каде жалбата се отфрла
- 7 предмети по кои постапката е запрена
- 2 предмети по кои е мериторно одлучено
- 4 предмети каде првостепените решенија се огласени за ништовни
- 10 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 118 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2018 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување во 2018 година** | |
| Уважени жалби | 61 |
| Одбиени жалби | 537 |
| Отфрлени жалби | 11 |
| Запрени постапки | 7 |
| Мериторни одлуки | 2 |
| Огласени за ништовни првостепени решенија | 4 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 10 |
| Административно доуредување | 118 |
| Нерешени предмети | 267 |
| **Вкупно** | **1017** |




***Вкупно предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување примени и оформени пред Државната комисија во 2018 година.**

Поради подобро запознавање на правата и предметите кои произлегуваат од областа на пензиското и инвалидското осигурување, во следниот дел се прикажани примените предмети според правата од оваа област и одлуките на Државната комисија.



| Вид на одлука | Право на инвалидска пензија | Право на старосна пензија | Право на семејна пензија | Телесно оштетување | Придонеси за пио | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уважени жалби | 27 | 24 | 5 | 5 | / | 61 |
| Одбиени жалби | 298 | 137 | 75 | 24 | 3 | 537 |
| Отфрлени жалби | 4 | 5 | 1 | 1 | / | 11 |
| Запрени постапки | 3 | 3 | / | 1 | / | 7 |
| Мериторни одлуки | 1 | / | 1 | / | / | 2 |
| Огласени за ништовни | 4 | / | / | / | / | 4 |
| Пратени на надлежен орган | Државната комисија немала правен основ да постапува по предметот | | | | | 10 |
| Административно доуредување | Предмети по кои не биле овозможени условите за постапување | | | | | 118 |
| Нерешени жалби | | | | | | 267 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **1.017** |

*** табеларен приказ на предметите и одлуките на Државната комисија по предметите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, примени во 2018 година.**

Покрај наведените предмети кои биле примени во 2018 година, Државната комисија оваа година постапила по 156 предмети кои биле примени во текот на декември 2017 година и во минатиот извештај биле евидентирани како нерешени, како и предмети кои биле административно докомплетирани оваа година, со што се овозможиле услови за постапување и одлучување по истите.

Државната комисија по овие предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување постапила, односно одлучила на следниот начин:

- 17 предмети каде жалбата се уважува
- 124 предмети каде жалбата се одбива
- 8 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет по кој постапката е запрена
- 1 предмет по кој е мериторно одлучено

- 1 предмет каде првостепеното решение е огласено за ништовно
- 4 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

Понатаму, согласно член 10 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и член 135 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, против решението на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Според евиденцијата на Државната комисија, против решенијата на Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување, донесени во 2018 година, поведени се вкупно 147 управни спора пред Управниот суд, по кои до Државната комисија се доставени 9 пресуди со кои тужбите биле одбиени како неосновани, 13 пресуди со кои тужбите биле уважени, 2 пресуди со кои биле отфрлени и 1 решение со кое била запрена постапката по поднесената тужба.

Дополнително, до Државната комисија во текот на 2018 година, пристигнале вкупно 304 пресуди по решенијата на Државната комисија донесени во претходни години од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Од вкупно пристигнатите пресуди, со 175 пресуди тужбите против решенијата на Државната комисија биле одбиени како неосновани, а 11 тужби биле отфрлени. Воедно, од пристигнатите пресуди, со 118 пресуди биле уважени тужбите и поништени решенијата на Државната комисија. По овие пресуди, Државната комисија повторно постапувала и донела одлуки согласно насоките на Управниот/Вишиот управен суд.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување, пристигнати во 2018 година** | |
|---|---|
| Одбиени пресуди | 175 |
| Уважени пресуди | 118 |
| Отфрлени тужби | 11 |
| **Вкупно** | **304** |

Од сето горенаведено, целокупната работна активност на Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување, во 2018 година може да се сумира на следниот начин:

| **Работна активност на Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување, во 2018 година** | |
|---|---|
| Вкупно предмети примени во 2018 по кои е донесена одлука | 622 |
| Вкупно предмети примени во 2017 и административно докомплетирани предмети по кои е донесена одлука | 152 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 118 |
| Вкупно предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 14 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 118 |
| **Вкупно** | **1.024** |

Додека, според начинот на постапување и донесената одлука од страна на Државната комисија по предметите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, вкупната работна активност во 2018 година, изгледа вака:

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување во 2018 година, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 78 |
| Одбиени жалби | 661 |
| Отфрлени жалби | 19 |
| Запрени постапки | 8 |
| Мериторни одлуки | 3 |
| Огласени за ништовни | 5 |
| Донесени решенија по пресуда | 118 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 14 |
| Пратени на административно доуредување | 118 |
| **Вкупно** | **1024** |




*** Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на пензиското и инвалидското осигурување во 2018 година, според начин на постапување и вид на одлука**

Од прикажаните нерешени предмети примени во 2018 година, како и од предметите по кои било побарано административно доуредување, Државната комисија до моментот на изготвување на овој извештај, постапила односно донела одлука по вкупно 142 предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

## 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

I. Унапредување на оперативни стандарди (процедури и правилници, Деловник)

За олеснување и унапредување на работата на Државната комисија, донесени се повеќе акти со кои детално се разработуваат внатрешни правила за организација и постапување:

- Деловник за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0101- 827/14, бр. 0101-2027/14);
- Правилник за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0101- 1576/15);
- Правилник за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0101- 1577/15, бр.0101- 435/16, бр.0101-1161/16, бр.0101- 1253/17 и 0101-430/18);
- Упатство за начинот на организирање на распределбата и постапката на изготвување нацрт- решенија кои се предмет на одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0201-1961/14);
- Упатство за реферирање на предмети (бр.0201-1963/14);
- Упатство за начинот на користење и евиденција на годишен одмор и отсуства на вработените во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0201-278/17);
- Правилник за начинот на спроведување внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, преземање финансиски обврски и извршување плаќање во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0505-2307/15);
- Правилник за вршење на попис (бр.0502-312/17);
- Упатство за трошоци за службени патувања, селидбени трошоци и трошоци за одвоен живот (бр.0502-586/17);
- Упатство за постапување со финансиска документација (бр.0502-587/17);
- Правилник за користење на службен мобилен телефон (бр.0306- 138/12);
- Правилник за начин на облекување на вработените во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (бр.0101- 1137/13);
- Правилник за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет (бр.0502-129/18);
- Стратешки план на Државната комисија 2018-2020 ( бр.0101-728/18)

- Упатство за користење средства за репрезентација ( бр.0502-736/18)
- Упатство за спроведување на постапки за набавки (бр.0502-737/18)
-
Упатство за начинот на користење и одржување патнички моторни возила ( бр.0502-738/18)
- План на архивски знаци за распоредување на актите за 2018 година (0303-1322/1);
- Листа на архивската граѓа од трајна вредност за 2018 година (0303-1322/2) и
- Листа на документиран материјал со рокови на негово чување за 2018 година (0303-1322/3).

II. Мерки и активности за зголемување на транспарентноста – Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на веб страната на Државната комисија во делот Документи-Слободен пристап до информации http://dkz.mk/node/4?q=node/10, редовно се споделуваат информации кои согласно законот претставуваат информации од јавен карактер. Во 2018 година до Државната комисија се доставени само 6 барања за информации од јавен карактер.

Државната комисија е отворена и транспарентна институција и континуирано се залага за зголемување на транспарентноста во своето работење.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Државната комисија во своето редовно работење секојдневно остварува комуникација со првостепените органи (министерствата, органите на локална самоуправа и други државни органи) и презема иницијативи за подобрување на соработката.

Во таа насока, веќе подолго време се појавува проблемот на навремена достава на списите од страна на првостепените органи, за што редовно се известува со иницијатива и Државниот управен инспекторат.

Државната комисија има континуирана соработка со Државниот управен инспекторат и Народниот правобранител, во врска со барања, претставки и иницијативи поднесени од страна на граѓаните.

Во однос на бројот на доставени барања/претставки, во 2018 година од страна на Државниот управен инспекторат се поднесени вкупно 47 барања за информации за предмети од странки, а од Народниот правобранител се поднесени вкупно 71 барање за информации.

Државната комисија како орган чии одлуки се предмет на тужби, има редовна и континуирана соработка со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, е прва линија на буџетски корисник, односно во целост се финансира од буџетски средства.

За 2018 година , одобрен е буџет во вкупен износ од 57.625.000 денари.

Без извршени пренамени, но по ребаланс, буџетот е следниот:




Плати и придонеси, стоки и услуги, разни трансфери и капитални расходи.

Во наведениот приказ , во најголем дел од средствата (дел 1) кои се во износ од 51.230.000 денари во 2018 г. се наменети за плати и придонеси, следно по износ е сумата предвидена за комуналии, стоки и услуги (дел2) и изнесува 6.095.000 денари. Во буџетот за 2018 год. , сумата предвидена за разни трансфери е во износ од 30.000 денари(дел3) , капиталните расходи се во износ од 270.000 денари (дел4). Со напомена и објаснувачка белешка за дел 3 дека календарската година е завршена со износ од 109.000 денари.

Реализацијата на буџетот за 2018 година изнесува 78,30 %. Послабата реализација во однос на 2017 година , која изнесуваше 87,75% - се должи на тоа што во период од три месеци , имаше целосен застој во работењето на комисијата поради пролонгирање на периодот за именување на нови членови и претседател на Државната комисија. И со самото тоа освен плати и придонеси, не е вршена никаква друга реализација на одобрениот финансиски план, преку планот за јавни набавки за 2018 година.

Претставениот буџет во табелата е по неколку пренамени на средства:

| Ставка | Опис на ставка | 2018 година | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **БУЏЕТ по пренамени** | **РЕАЛИЗА ЦИЈА** | **изразено во %** |
| 401 | Основни плати | 37.070.000 | 29.392.903 | 79,29% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.081.000 | 10.882.275 | 77,28% |
| **плати и придонеси** | | **51.151.000** | **40.275.178** | |
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000 | 77.448 | 25,82% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникации | 3.450.000 | 2.856.070 | 82,78% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 515.000 | 219.995 | 42,72% |
| 424 | Поправки и тековни одржувања | 810.000 | 715.268 | 88,30% |
| 425 | Договорни услуги | 770.000 | 596.732 | 77,50% |
| 426 | Други тековни расходи | 250.000 | 166.508 | 66,60% |
| **стоки и услуги** | | **6.095.000** | **4.632.021** | |
| 464 | Разни трансфери | 109.000 | 108.710 | 99,73% |
| **разни трансфери** | | **109.000** | **108.710** | |
| 480 | Купување на опрема и машини | 70.000 | 13.299 | 19,00% |
| 481 | Градежни објекти | 100.000 | 0 | 0,00% |
| 483 | Купување на мебел | 100.000 | 91.379 | 91,38% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | | | |
| **капитални расходи** | | **270.000** | **104.678** | |
| **вкупно** | | **57.625.000** | **45.120.587** | **78,30%** |

Во претставениот табеларен приказ објаснувачката белешка би била следна:

Ставка 420 ги опфаќа сите трошоци направени при патувања, односно сместувања, патарини, билети и слично.

Во ставка 421 се опфатени, топлинска, електрична енергија, вода, ѓубретарина, гориво за службените возила, регистрација на службени возила,поштенски пратки , телефонија (фиксна и мобилна) и друго.

Во 423 се опфатени канцелариски материјали, тонери, службен весник-хартиено издание, билтени,средства за хигиена, материјали за разни поправки како и ситниот инвентар.

424 ставка, ги опфаќа одржувањата на недвижниот имот, како и одржувањето на хигиената во работните простории, поправките и одржувањето на опремата со која располага комисијата и слично.

Ставка 425 е наменета за изнајмување на паркинг простор за службените возила, изнајмување на опрема, закупнина по решенија од Владата на РСМ за именувани лица, банкарски провизии, осигурување на движниот и недвижниот имот.

Антивирусната програма за сите работни единици, персонални сметачи е обезбедена во ставка 426, како и персоналниот данок, електронски потписи,

огласување во БЈН, уплата во Централен регистар за доставување на годишна сметка и слично.

За жал, ставката 464 во 2018 година изнесува 108.710 ,а тоа е поради исплата согласно Член 15 од Законот за извршување на буџетот за 2018 година. Од наведената сума само една исплата е за одење во пензија (инвалидска) , останатата сума е исплатена заради смрт во семејството на неколку вработени.

Ставките 480, 481 и 483 го опфаќаат делот од капиталните расходи , како купување на опрема, реконструкција, канцелариски мебел и слично.

Заради поевидентна анализа на 2018 година во приложената табела се претставени компаративно, последните три години , 2018>2017<2016.

Од претставеното евидентно е дека најголем буџет Државната комисија имала во 2018 година и сето тоа поради зголемениот број на административни службеници по пат на превземање на дел од вработените од расформираниот Совет за јавни набавки.

| Став-ка | Опис на ставка | 2016 година | | 2017 година | | 2018 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | БУЏЕТ | РЕБА-ЛАНС | БУЏЕТ | РЕБА-ЛАНС | БУЏЕТ | РЕБА-ЛАНС |
| 401 | Основни плати | 30.847.000 | 29.574.000 | 29.500.000 | 30.000.000 | 37.609.000 | 37.149.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 11.200.000 | 10.943.000 | 11.035.000 | 10.500.000 | 14.246.000 | 14.081.000 |
| **плати и придонеси** | | **42.047.000** | **40.517.000** | **40.535.000** | **40.500.000** | **51.855.000** | **51.230.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 600.000 | 600.000 | 780.000 | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникации | 3.801.000 | 3.801.000 | 3.724.000 | 3.150.000 | 3.200.000 | 3.450.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 752.000 | 752.000 | 700.000 | 300.000 | 450.000 | 515.000 |
| 424 | Поправки и тековни одржувања | 676.000 | 676.000 | 725.000 | 600.000 | 700.000 | 810.000 |
| 425 | Договорни услуги | 493.000 | 493.000 | 403.000 | 700.000 | 700.000 | 770.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 662.000 | 662.000 | 565.000 | 250.000 | 250.000 | 250.000 |
| **стоки и услуги** | | **6.984.000** | **6.984.000** | **6.897.000** | **5.300.000** | **5.600.000** | **6.095.000** |
| 464 | Разни трансфери | 50.000 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| **разни трансфери** | | **50.000** | **80.000** | **0** | **0** | **0** | **30.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 550.000 | 550.000 | 200.000 | 200.000 | 70.000 | 70.000 |
| 481 | Градежни објекти | 300.000 | 300.000 | 342.000 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 200.000 | 74.000 | 74.000 | 0 | 100.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 150.000 | 150.000 | | | | |
| **капитални расходи** | | **1.200.000** | **1.200.000** | **616.000** | **274.000** | **170.000** | **270.000** |
| **вкупно** | | **50.281.000** | **48.781.000** | **48.048.000** | **46.074.000** | **57.625.000** | **57.625.000** |

Реализацијата во последните три години , изразена во % е следната:

- Во 2016 година 83,37%
- Во 2017 година 87,75%
- Во 2018 година 78,30%

Средствата кои се одобруваат со финансискиот план за секоја календарска година во најголема мера ги задоволуваат потребите за непречено извршување на работните задолженија од страна на вработените административни службеници и именуваните лица, но не се доволни за овозможување на добар работен простор кој би бил и повеќе од потребен за сите.

Работниот простор, кој трајно го користи Државната комисија не е адаптиран за ваков тип на институција, истиот е проектиран за шалтерски систем соодветен за банка.

Имотот со кој располага комисијата, по пресметаната амортизација и реавалоризација за 2018 година , е со вредност од 104.045.761 денари.

Опремата која ја користат административните службеници и именуваните лица е со вредност од 2.037.092 денари, и софтверот за персонална евиденција како и за сметководствено работење, на 31.12.2018 година имаше вреност од 25.081 денари.

2018 година, Државната комисија ја има завршено со 71 вработени и именувани лица и 2 апанажи.

Прилог:

Годишна сметка за 2018 година

## 8. Заклучок

За работењето на Државната комисија во 2018 година, можат да се извлечат следните заклучоци:

1. Од донесените **3359** решенија на Државната комисија поведени се **330** управни спорови односно само **9,82%**, што укажува на висока доверба во одлуките на Државната комисија, како и на суштинското влијание на Државната комисија во намалувањето на приливот на предмети во Управниот суд.

## 9. Препораки

I. Препораки кои се однесуваат на самата институција/орган и кои можат самостојно да ги спроведат

II. Насоки и планови за зголемување на ефикасноста и ефективноста;

Со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста, Државната комисија во периодот што следи планира преземање на следните активности:

- Посетување на обуки/работилници/семинари за вработените на Државната комисија тематски организирани за имплементација на материјални закони
- Подобрување на просторните услови за работа во насока на обезбедување на нови простории или адаптација на постојните. Просториите во кои моментално работи Државната комисија се несоодветни за ваков тип на работа. Во објектот поголемиот дел од вработени работат во океан-систем, без доволно работен простор, дневна светлина и вентилација.

III. Препораки кои се однесуваат на други институции/органи и кои треба да бидат разгледани и спроведени од други надворешни органи.

- <u>Препорака 1</u>: Почитување на одредбите на Законот за општа управна постапка при доставување на предметот по жалба. Притоа, особено да се води сметка за уредно и целосно доставување на списите, со одговор на жалба по однос на тоа дали жалбата е навремена, допуштена и изјавена од овластено лице, со што во голема мера ќе се влијае на намалување на административната преписка меѓу органите и на скратување на времето за решавање на предметите.

Од друга страна, од особена важност е почитување на роковите за доставување на списи по поднесена жалба, и тоа од страна на: Управата за имотно правни работи и Комисиите за денационализација во прв степен при Министерството за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Од секојдневното работење може да се утврди дека посочените органи не ги доставуваат списите од предметот по жалба во законски предвидениот рок (дури и повеќе месеци), што е неопходно за да Државната комсија пристапи кон решавање на предметите.

- <u>Препорака 2</u>: При подготовка на измени/дополнување на одреден законски текст, доколку се работи за закон каде надлежност за постапување во втор степен (по жалба/приговор) има Државната комисија, истиот од страна на предлагачот да се доставува на мислење до Државната комисија. Државната комисија за одредена

законска измена/дополна се информира откако законот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Македонија“, евентуално порано преку веб страната на Собранието на Република македонија или системот ЕНЕР на Министерството за информатичко општество и администрација. Нема воспоставена пракса предлагач на одреден закон да го достави на мислење предлог текстот до Државната комисија, дури и кога со одреден закон се одзема/додава надлежност на Комисијата.

- Препорака 3: При постапувањето по предметите, Државната комисија утврди дека во одредени законски текстови потребно е да се интервенира во однос на правните средства кои странките можат да ги користат при остварувањето на своите права. Имено, во одредени закони од определени повеќе фази на постапката, странката има право на жалба само во една од тие фази. Конкретно, се работи за Закон за градење, Законот за градежно земјиште, Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, Закон за превоз во патен сообраќај (Министерство за транспорт и врски), Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Министерство за финансии).

Истиот проблем се јавува и во материјални закони во постапките од работен однос. Имено, во Законот за социјална заштита (Министерство за труд и социјална политика), Закон за извршување на санкции (Министерство за правда), Закон за шумите (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство), на вработените во дел од постапките од работен однос им е утврдено право на приговор, а во дел нема право на приговор, туку право на работен спор пред надлежен суд.

Државната комисија е на располагање на органите кои се предлагачи на наведените закони да со заедничка соработка се надминат утврдените празнини и недоследности во законите.

- Препорака 4: Од секојдневното работење, утврдено е дека лицата кои ги водат постапките во првостепените органи се недоволно подготвени за спроведување на управни дејствија. Од тие причини, сметаме дека Министерството за информатичко општество и администрација, како предлагач на Законот за општа управна постапка, е неопходно да организира континуирана обука за овластени службени лица кои ќе ја водат управната постапка во органите.

- Препорака 5: Вклучување на Државната комисија во работилници, семинари, обуки, организирани од страна на органите, за имплементација на материјалните закони во кои е утврдена надлежност на Државната комисија.

претседател
Даница Чадиева

# 10. Прилози

## 10. 2 Буџет за 2018 година

| Раздел / Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | БУЏЕТ 2018 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Расходи на Основен буџет | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од заеми | | Расходи од донации | | Вкупно расходи | |
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| 02012 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН | 57.625 | 57.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.625 | 57.625 |
| 1 | АДМИНИСТРАЦИЈА | 57.625 | 57.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.625 | 57.625 |
| 10 | АДМИНИСТРАЦИЈА | 57.625 | 57.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.625 | 57.625 |
| | **РАСХОДИ** | | | | | | | | | | | | |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 51.855 | 51.230 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.855 | 51.230 |
| 401 | Основни плати | 37.609 | 37.149 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.609 | 37.149 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.246 | 14.081 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.246 | 14.081 |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 5.600 | 6.095 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.600 | 6.095 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 300 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300 | 300 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.200 | 3.450 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.200 | 3.450 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 450 | 515 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450 | 515 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 700 | 810 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700 | 810 |
| 425 | Договорни услуги | 700 | 770 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700 | 770 |
| 426 | Други тековни расходи | 250 | 250 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250 | 250 |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 170 | 270 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 170 | 270 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 70 | 70 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70 | 70 |
| 481 | Градежни објекти | 100 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 100 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 |
| 1 | АДМИНИСТРАЦИЈА | 57.625 | 57.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.625 | 57.625 |
| 10 | *АДМИНИСТРАЦИЈА* | 57.625 | 57.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.625 | 57.625 |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 51.855 | 51.230 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.855 | 51.230 |
| 401 | Основни плати | 37.609 | 37.149 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.609 | 37.149 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.246 | 14.081 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.246 | 14.081 |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 5.600 | 6.095 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.600 | 6.095 |

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН 124

## 10.3 Годишна сметка за 2018 година

Бр. 0501 - 412/1
22.02.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 29 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Сл. весник на РМ", бр.61/02... и 170/17), а во врска член 2 став 1 и член 5 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на РМ„ број 51/2011....11/2018) и член 8 став 1 алинеа 3 од Деловникот за начинот на работа и одлучување во Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , како и член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ„ број 113/2007......170/2013), Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го усвојува

### ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ
### ЗА 2018 ГОДИНА

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со годишната сметка за 2018 година на Буџетската сметка 020126173563711, го искажа следниот финансиски резултат:

1. **Остварени приходи од буџет:**

| | |
|---|---|
| - за функција на Државната комисија | 45.120.587,00 |
| **Вкупно** | **45.120.587,00** |

2. **Остварени трошоци**

| | |
|---|---|
| - основни плати | 29.392.903,00 |
| - придонеси за социјално осигурување | 10.882.275,00 |
| - патни и дневни расходи | 77.448,00 |
| - комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 2.856.070,00 |
| - материјали и ситен инвентар | 219.995,00 |
| - поправки и тековно одржување | 715.268,00 |
| - договорни услуги | 596.732,00 |
| - други тековни расходи | 166.508,00 |
| - разни трансфери | 108.710,00 |
| - купување на опрема | 13.299,00 |
| - купување на мебел | 91.379,00 |
| **Вкупно** | **45.120.587,00** |

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даница Чадиева

Изработил: Фимка Митева
Одобрил: Елена Т Чатмова

# Извештај

за финансиското работење на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за жиро сметка 020126173563711, даночен број 4080011524913, за период од 01.01 до 31.12.2018 година

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (раздел 02012) со Буџетот за 2018 година, за жиро сметката од групата 637 (буџетски приходи), има реализирано средства во износ од 45.120.587 денари

Подпрограма 10-Администрација                Вкупен буџет за 2018 година: 57.625.000

| Ставка | Намена | Буџет 2018г. | Реализација | Салдо | % на изврш. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (3-4) | 6 |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **51.151.000** | **40.275.178** | **10.875.822** | **78,74** |
| 401 | Основни плати | 37.070.000 | 29.392.903 | **7.677.097** | **79,29** |
| 402 | Придонеси за соц.осигурув. | 14.081.000 | 10.882.275 | **3.198.725** | **77,28** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **6.095.000** | **4.632.021** | **1.462.979** | **76,00** |
| 420 | патни и дневни расходи | 300.000 | 77.448 | **222.552** | **25,82** |
| 421 | кому. услуги,греење,комуник. | 3.450.000 | 2.856.070 | **593.930** | **82,78** |
| 423 | материјали и ситен инвентар | 515.000 | 219.995 | **295.005** | **42,72** |
| 424 | поправки и тековно одржување | 810.000 | 715.268 | **94.732** | **88,30** |
| 425 | договорни услуги | 770.000 | 596.732 | **173.268** | **77,50** |
| 426 | други тековни расходи | 250.000 | 166.508 | **83.492** | **66,60** |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **109.000** | **108.710** | **290** | **99,73** |
| 464 | Разни трансфери | 109.000 | 108.710 | **290** | **99,73** |
| **48** | **Капитални расходи** | **270.000** | **104.678** | **165.322** | **38,77** |
| 480 | купување на опрема и машини | 70.000 | 13.299 | **56.701** | **19,00** |
| 481 | Градежни објекти | 100.000 | | **100.000** | **-** |
| 483 | Купување на мебел | 100.000 | 91.379 | **8.621** | **91,38** |
| 485 | Вложување и нефинан. сред. | - | | **-** | **-** |
| | **Вкупно:** | **57.625.000** | **45.120.587** | **12.504.413** | **78,30** |

Вкупно остварениот приход во 2018 год. е во износ од 45.120.587 денари, а реализираните трошоци се идентични на приходите и истите изнесуваат 45.120.587 денари.

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со состојба 31.12.2018год. има вкупно неизмирени обврски спрема добавувачите во земјата во износ од 346.039 денари.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
ДАНИЦА ЧАДИЕВА

Изготвил:Фимка Митева
Согласен:Елена Т.Чатмова

*Кон завршнаша смешка за 2018-раздел 02012*

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ кон
Финансиските извештаи за 2018 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

*Воведен дел:*

Буџетски корисник: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН
Раздел: 02012 РКБ: 61735
Адреса: Кеј Димитар Влахов бр.4, 1000 Скопје
Број на телефон: 02 3211-343
Email: contact@dkz.mk
Website: dkz.mk

Опис и главни функции на Државната комисија

- Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е државен орган, кој е самостоен во својата работа со својство на правно лице. Таа е надлежна за решавање по жалби против решенијата донесени во управна постапка во прв степен на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Исто така, надлежна е да одлучува за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за административните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на МВР со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

- Државната комисија до 23.07.2018, броеше 11 члена од кои еден претседател и еден заменик а од 18.10.2018 година, со одлука бр. 08-6025/1 донесена од Собранието на РСМ , истата е составена е од претседател, заменик претседател и осум члена, кои функцијата ја извршуваат професионално. Тие се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

- Државната комисија располага само со една буџетска сметка 020126173563711 програма 10

- Организациона поставеност на Државната комисија :


Претседател
Заменик претседател
Членови на Државната комисија
Генерален секретар
Одделение за управување со човечки ресурси
Државни советници
Сектор за стручно административни работи
Одделение за прием и експедиција
Одделение за стручни и организациски работи и за техничка поддршка на работата на Државната комисија
Одделение за информатички и комуникациски технологии
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџет и буџетска координација,
Одделение за извршување и контрола на буџет
Одделение за сметководство и плаќање
Одделение за јавни набавки
Сектор за транспорт и врски, имотно- правни работи, локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина
Одделение за имотно- правни работи
Одделение за транспорт и врски, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина
Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор
Одделение за работи од областа на работните односи
Одделение за внатрешни работи и граѓански сектор
Сектор за здравство, труд, социјална политика образование, наука и култура
Одделение за пензиско и инвалидско осигурување
Одделение за социјална политика, образование, наука и култура
Органограм
На Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

*ПРИХОДИ*

Државната комисија остварува приходи единствено преку трансфери на средства од Буџетот на Република Македонија.

| Опис | Буџет **2018г.** | Извршено **2018г.** | Извршено **2017г.** |
|---|---|---|---|
| Администрација | 57.625.000 | 45.120.587 | 40.432.125 |

Од вкупно одобрените средства 57.625.000 денари со Буџетот за 2018 година, реализирани се 45.120.125 денари, односно 78,30%. Салдото од 12.504.413 денари на крајот на фискалната година останува во Буџетот на РМ. Од наведеното салдо, најголем дел 86,97% или 10.875.822 денари се непотрошени средства на име основни плати и придонеси за социјално осигурување. Некои од причините за пониската реализација на средствата од буџетот за 2018 година (21,70%) е тоа што со разрешување на претседателот и члеовите на Државната комисија на 23.07.2018 година, до именување на новото раководство на 18.10.2018 година, не беа исплаќани средства за плати за функционерите, освен на оние членови кои законски продолжија да го остваруваат тоа право и по престанување на функцијата (апанажа). Исто така, до 23.07.2018 година, Државната комисија функционираше со 11 (единаесет) именувани лица, додека од 18.10.2018 година функционира со 10 (десет) именувани лица. Кај останатите вработени имаше промена во поглед на тоа што (1) едно лице предвремено оствари право на инвалидска пензија, на 2 (две) вработени лица при крајот на годината спогодбено им престана работниот однос, 4 (четири) вработени лица користеа право на породилно отсуство, на 1 (едно) лице кое користеше апанажа по сила на закон му престана тоа право поради редовно заминување во пензија и слично.
Споредено со претходната година, Државната комисија во 2018 година потрошила повеќе парични средства во однос на 2017 година во апсолутен износ од 4.688.462 денари.

*РАСХОДИ*

1. Тековни расходи

- Плати, наемнини и надоместоци

Во рамките на овие расходи се средствата исплатени за плати, наемнини и надоместоци, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите и тоа по следните основи:

| Опис | Буџет **2018г.** | Извршено **2018г.** | Извршено **2017г.** |
|---|---|---|---|
| Основни плати | 37.070.000 | 29.392.903 | 25.676.881 |
| Придонеси од плати | 14.081.000 | 10.882.275 | 9.496.934 |
| Вкупно: | 51.151.000 | 40.275.178 | 35.173.815 |

Просечниот број на вработени во 2018 година во Државната комисија изнесуваше 73, за разлика од 2017 година кога изнесуваше 61 вработено лице и аналогно на тоа во 2018 година има зголемување кај вкупната расходната ставка за плати за 5.101.363 денари или 14,50% .

- Стоки и други услуги

| Опис | Буџет **2018г.** | Извршено **2018г.** | Извршено **2017г.** |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 300.000 | 77.448 | 44.748 |
| Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 3.450.000 | 2.856.070 | 3.026.249 |
| Материјали и сит. инвентар | 515.000 | 219.995 | 400.974 |
| Поправка и тек. одржување | 810.000 | 715.268 | 528.786 |
| Договорни услуги | 770.000 | 596.732 | 784.474 |
| Други тековни расходи | 250.000 | 166.508 | 211.065 |
| Вкупно: | 6.095.000 | 4.632.021 | 4.996.296 |

Во рамките на оваа категорија, рекласифицирани се повеќе видови расходи.

Намалување на трошоците скоро во сите расходни ставки и тоа: на комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт, на материјалите (канцелариски материјал, хартија, материјали за АОП (тонери) и сл.), на договорните услуги и на другите тековни расходи во тековната година во однос на трошоците од претходната година се должи на прекинот во тековното работење поради немање на раководство во Државната комисија во периодот од 3 (три) месеци т.е. од месец јули до месец октомври. Во наведениот период не се спроведуваа тендери за јавни набавки поради неназначено одговорно лице на институцијата. Исто така, не се генерираа трошоци за поштенските услуги, бидејќи не се решаваа предмети, кои потоа се дистрибуираат на територијата на РМ. Намалување на трошоците има и кај договорните услуги, кои во најголем износ се врзани со надоместот за закуп на стан и комунални трошоци за именувани лица. И тука имаше прекин во плаќањата во периодот од разрешување на именуваните лица до периодот на именување на нови лица. Зголемување на трошоците во тековната година во споредба со претходната година во апсолутен износ од 186.482 денари, има кај расходната ставка за поправка и тековно одржување на деловниот објект, што произлегува од трошоците за одржување на хигиена во објектот, како и од некои ситни расходи за тековно одржување на истиот и кај патните и дневни расходи.

- Субвенции и трансфери

| Опис | Буџет **2018г.** | Извршено **2018г.** | Извршено **2017г.** |
|---|---|---|---|
| Разни трансфери | 109.000 | 108.710 | 0 |

Во тековната година, на ставката разни трансфери имаше расходи во вкупен износ од 108.710 денари, кои се однесуваат за исплата на отпремнина за одење во пензија за едно лице, како и за исплата на парична помош на вработените лица (смрт на член од

потесно) согласно Законот за извршување на буџетот за 2018 година, за разлика од претходната година кога на истата ставка немаше никакви расходи.

- Капитални расходи

| Опис | Буџет 2018г. | Извршено 2018г. | Извршено 2017г. |
| --- | --- | --- | --- |
| Купување на опрема и машини | 70.000 | 13.299 | 188.014 |
| Градежни објекти | 100.000 | 0 | 0 |
| Купување на мебел | 100.000 | 91.379 | 74.000 |
| Вложување во нефинан.средства | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 270.000 | 104.678 | 262.014 |

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства. Државната комисија во 2018 година потрошила 104.678 денари за капитални расходи или 38,77% во однос на одобрените средства и тоа: за купување на опрема 13.299 ден. (19,00%) и за канцелариски мебел-метални шкафови 91.379 (91,38%), додека на расходната ставка – градежни објекти во тековната година нема реализација, бидејќи средствата од 100.000 денари не беа доволни за таа намена т.е. за реконструкција во деловниот објект . Иако со циркулар за 2018 година за таа намена беше побарана сума во износ од 200.000 денари, сепак е одобрена, половина од побараното со буџет за 2018 година.

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

- Парични средства

На позицијата парични средства со состојба 31.12.2018 година нема салдо, од причина што кај буџетските корисници кои користат средства од Буџетот на РМ, со завршување на фискалната година, неискористените средства остануваат во Буџетот на РМ, додека вишокот средства од денарската и девизната благајна исто така се враќаат во Буџетот.

- Побарувања

На позицијата побарувања со состојба 31.12.2018 година нема салдо, бидејќи побарувањето од 2017 година во износ од 5.500 денари, кое произлегуваше од книжното одобрение е наплатено во 2018 година.

- Активни временски разграничувања

Оваа позиција е во вкупен износ од 3.843.303 денари во 2018 година или 3.826.837 денари во 2017 година и произлегува од вкалкулираната плата за последниот месец од тековната година 3.497.264 денари, како и од вкалкулираните обврски спрема добавувачите од тековната година 346.039 денари.

Постојани средства

- Материјални средства

Нематеријалните и материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на

амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.
Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| ОПИС | Применети стапки во 2018г. |
|---|---|
| Компјутери | 20% |
| Опрема и мебел | 12% |
| Возила | 15% |
| Телефонски централи,ТВ и радио приемници | 14% |
| Мобилни телефони | 50% |
| Клима уреди | 16% |
| Останата канцелариска опрема | 10% |

- Стапките на амортизација на нематеријалните средства е 20%
- Стапките на амортизација на деловниот објект е 1%.
- Кумулативниот коефициент на ревалоризација изнесува - 0,008 (Табела за ревалоризација за 2018 година).

Состојбата и промените на нематеријалните и материјалните средства во 2018 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на образложенијата на овој извештај.

| Опис | Деловни објекти | Софтвер | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност:** | | | | |
| Состојба на **01.01.2018:** | **110.672.817** | **65.427** | **7.873.930** | **118.612.174** |
| Набавки во текот на годината | **0** | **0** | 975.143 | 975.143 |
| Вкупни зголемувања: | **110.672.817** | **65.427** | **8.849.073** | **119.587.317** |
| Расходување | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Вкупно намалување: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ревалоризација за 2018 година | 0 | **0** | **1.550** | **1.550** |
| Состојба на **31.12.2018** | **110.672.817** | **65.427** | **8.850.623** | **119.588.867** |
| **Исправка на вредност:** | | | | |
| Состојба на **01.01.2018:** | **5.520.328** | **27.261** | **5.540.767** | **11.088.356** |
| Набавки во текот на годината | 0 | 0 | 451.876 | 451.876 |
| Амортизација за тековна год. | 1.106.728 | 13.085 | 819.879 | 1.939.692 |
| Расходи и отуѓување | 0 | 0 | 0 | 0 |
